НАЦИОНАЛЕН МОДЕЛ

УЧИЛИШТЕ СО ИНТЕГРИТЕТ

Практичен Прирачник за наставници,
родители и ученици за градење култура на чесност,
одговорност и еднакви можности




ifa
Institut für
Auslandsbeziehungen

analytica

Initiative for Civil Integration


НАЦИОНАЛЕН МОДЕЛ "УЧИЛИШТЕ СО ИНТЕГРИТЕТ"

Практичен Прирачник за наставници, родители и ученици за градење култура на чесност, одговорност и еднакви можности

Од Училница без страв до Општество без корупција
Како да градиме интегритет и како да препознаеме, спречиме и реагираме на корупција во училиштето

Здружение за истражување на политики Аналитика Скопје
Иницијатива за граѓански интеграции ИГИ Гостивар
Организација на жени од Струмица – ОЖС

Проект: Youth for Integrity: Expanding Anti-Corruption Youth Action in North Macedonia (Phase II)

Поддржано од ifa/zivik
Германско Сојузно Министерство за надворешни работи

Скопје, 2026

Наслов

Национален модел “Училиште со Интегритет” — Практичен Прирачник за наставници, родители и ученици за градење култура на чесност, одговорност и еднакви можности

Издавачи

Здружение за истражување на политики Аналитика Скопје
Иницијатива за граѓански интеграции ИГИ Гостивар
Организација на жени од Струмица — ОЖС

Автори

Анабела Димовска , експерт

Ко – Автори и контрибутори

Тимот на Аналитика Скопје
Тимот на ИГИ Гостивар
Тимот на Организација на Жени - Струмица

Проект

Youth for Integrity: Expanding Anti-Corruption Youth Action in North Macedonia (Phase II)
Млади за интегритет: Проширување на младинската антикорупциска акција во Северна Македонија

Финансиска поддршка

ifa / ZIVIK Програмата за финансирање
Германско Сојузно Министерство за надворешни работи

Контакт

Аналитика Скопје
info@analyticamk.org | www.analyticamk.org

Година на издавање

Скопје, 2026

Овој Прирачник е подготвен во рамки на проектот „Youth for Integrity: Expanding Anti-Corruption Youth Action in North Macedonia“ („Млади за интегритет: Проширување на младинската антикорупциска акција во Северна Македонија“), кој се спроведува од Аналитика Скопје во партнерство со Организација за граѓански иницијативи ИГИ Гостивар и Организацијата на жени од Струмица, со поддршка на ifa / ZIVIK Програмата за финансирање преку средства обезбедени од Германското Сојузно Министерство за надворешни работи.
Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторите и не ги одразува ставовите на ifa/ ZIVIK Програмата за финансирање и на Германското Сојузно Министерство за надворешни работи.

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР:
УЧИЛИШТЕТО – ПРВОТО МЕСТО КАДЕ СЕ УЧИ ИНТЕГРИТЕТОТ 9

КАКО ДА ГО КОРИСТИТЕ ОВОЈ ПРИРАЧНИК? 12

КАКО ЕДНО УЧИЛИШТЕ СТАНУВА „УЧИЛИШТЕ СО ИНТЕГРИТЕТ“? 14

1. ОСНОВИ НА ИНТЕГРИТЕТОТ И КОРУПЦИЈАТА 16
1.1 ШТО Е ИНТЕГРИТЕТ? 16
1.1.1 Дефиниција на интегритетот 16
1.1.2 Четири нивоа на интегритет 17
1.1.3 Интегритет наспроти корупција – две страни на иста монета 17
1.1.4 Зошто училиштето е првото место каде се гради интегритет? 18

2. ШТО Е КОРУПЦИЈА? Правна рамка и типологија 19
2.1 Дефиниција на корупцијата 19
2.2 Клучни поими 20
2.3 Типови корупција – според ниво 20
2.4 Видови корупција – боја на делото 21
2.5 Активна и пасивна корупција 22
2.6 Корупцијата не е само изразена преку давање пари за услуга 22
2.7 Што ни кажуваат младите? 23
2.8 Пет клучни пораки од истражувањето 24

3. ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА - КОРУПЦИЈАТА ВО ПРАКСА
(ПРИМЕРИ НА ЛЕКЦИИ ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА ЧАС) 25
4. АКАДЕМСКИ ИНТЕГРИТЕТ 31
4.1 Форми на нарушување на академскиот интегритет 31
4.2 Посебна тема: Вештачка интелигенција (ВИ) и академски интегритет 32
4.3. Лекции за предавање на час 33
4.4. КВИЗ ЗА УЧЕНИЦИ: ПРОВЕРИ ГО СВОЕТО ЗНАЕЊЕ: Дали е корупција? 39
4.5 КВИЗ ЗА УЧЕНИЦИ: ПРОВЕРКА НА ИНТЕГРИТЕТ: Колкав интегритет има вашето училиште? 40
ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА 42
5. ЛИЦЕ ЗА ИНТЕГРИТЕТ ВО УЧИЛИШТЕТО 42
5.1 Кој може да биде лице за интегритет? 42
5.2 Улоги и одговорности 43
5.3 Што НЕ е лице за интегритет? 44
5.4 Услови за ефективна работа 44
5.5 Заштита од притисок и одмазда на лицето за интегритет 44
5.6 Предлог Годишен план на Лицето за Интегритет 45
5.7 Самооценување на Лицето за Интегритет 45
5.8 Лекција за предавање на час: кому му веруваме кога нешто не е во ред? ... 46
6. КОДЕКС ЗА ПОДАРОЦИ ВО УЧИЛИШТЕТО 49
6.1 Прифатливи форми на благодарност 49
6.2 Неприфатливи форми 50
6.3 Обврски 50
6.4 Често поставувани прашања 51

7. ЗАШТИТА НА ПРИЈАВУВАЧИТЕ 52
7.1 Кој е заштитен? 52
7.2 Внатрешни механизми за пријавување 53
7.3 Надворешни механизми за пријавување 53

РАБОТА СО ЧИНИТЕЛИТЕ 54
8. ОД УЧЕНИК ДО АМБАСАДОР НА ИНТЕГРИТЕТ 54
Чекори на патот Од ученик до Амбасадор на интегритет 54

9. НАСТАВНИКОТ КАКО АМБАСАДОР НА ИНТЕГРИТЕТ 55
9.1 Реални дилеми — Како да постапи наставникот? 56
9.2 Лекции за предавање на час 56

10. РОДИТЕЛИТЕ КАКО ПАРТНЕРИ: Тематски средби 60
Средба 1: Дали неоправданите отсуства се форма на корупција? 60
Средба 2: Како (не)свесно ги учиме децата на корупција? 61
Средба 3: Врски или заслуги? — Случај со Еразмус+ екскурзија 61

11. ОФИЦИЈАЛЕН ЕТИЧКИ ПАКТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ И ПРАВИЧНОСТ 62

12. ДЕСЕТ ПОРАКИ ДО РОДИТЕЛИТЕ 63

13. МЛАДИ: КЛУБОВИ ЗА ИНТЕГРИТЕТ И ГЕРИЛА АКЦИИ 64
13.1 Структура на клубот 64
13.2 Годишен календар на активности 65
13.3 Мобилна апликација: Глас против корупцијата 65
13.4 Ученичка заклетва за интегритет 65
13.5 Како младите да препознаат и пријават корупција? 66
Чекор-по-чекор: Пат на пријавување 66
Последици од непријавување на корупција 66

14. ПОВЕЛБА ЗА ИНТЕГРИТЕТ 67

ВЕРИФИКАЦИЈА И ПРИЗНАНИЕ 68

15. УЧИЛИШТЕ СО ИНТЕГРИТЕТ – СИСТЕМ 5 ЅВЕЗДИ 68

Каде се наоѓа вашето училиште? -
Три примери за училишта во рамки на системот 5 звезди 69

16. ПАТОТ ДО СИСТЕМОТ 5 ЅВЕЗДИ: Од септември до јуни 70

17. ПРЕПОРАКИ ДО ИНСТИТУЦИИТЕ 72

Препораки до Министерството за образование и наука (МОН) 72

Препораки до Бирото за развој на образованието (БРО) 72

Препораки до Државната комисија за спречување корупција (ДКСК) 72

ПРИЛОЗИ: За примена од страна на институциите и Практични алатки 73

Прилог А: Национален модел за интегритет во училиштата 73

Прилог Б: Европски практики – инспирација за нашите училишта 74

Прилог В: Интеграција во Годишната програма за работа на училиштата 75

Минимум стандарди за реализација 75

Прилог Г: Практични алатки и декларации 76

Декларација на наставникот 76

Декларација на ученикот 76

Сертификат за амбасадор на интегритет 76

Шаблон за тематска родителска средба 77

Корисни ресурси и механизми за пријавување 77

ПРЕДГОВОР:

УЧИЛИШТЕТО – ПРВОТО МЕСТО КАДЕ СЕ УЧИ ИНТЕГРИТЕТОТ

Корупцијата најчесто се поврзува со јавни набавки, големи финансиски злоупотреби или злоупотреба на јавната функција. Меѓутоа, корените на корупцијата многу често започнуваат многу порано — во секојдневните ситуации во кои младите ги градат своите вредности, ставови и перцепции за тоа што е правилно, а што неправилно.

Училиштето е едно од најважните места каде што младите не само што стекнуваат знаење, туку ги формираат своите животни вредности. Начинот на кој функционира училишната заедница, односот помеѓу учениците, наставниците и родителите, почитувањето на правилата, еднаквиот третман и чувството за правда директно влијаат врз тоа какви граѓани ќе станат младите во иднина.

Доколку младите секојдневно сведочат на фаворизирање, селективно применување на правилата, толерирање на неправилности или користење на лични врски за остварување предност, тие постепено почнуваат да ја прифаќаат неправдата како нормален дел од општеството. Од друга страна, кога гледаат транспарентност, отчетност, еднаков третман и почитување на правилата, тие учат дека интегритетот има вредност и дека чесноста е основа за успех.

Токму затоа борбата против корупцијата не започнува во судовите, институциите или инспекциските служби. Таа започнува во семејството, продолжува во училиштето и се зајакнува преку активното учество на младите во заедницата.

Во текот на 2025 година, Аналитика спроведе сеопфатно истражување меѓу млади лица на возраст од 16 до 26 години во рамки на проектот „Младите луѓе во РС Македонија: Клучна алка во градењето општество без корупција“, поддржан од ifa / ZIVIK Програмата за финансирање со средства обезбедени од Германското Сојузно Министерство за надворешни работи. Истражувањето опфати 629 средношколци и студенти од Скопје, Струмица и Гостивар и обезбеди значајни сознанија за начинот на кој младите ја перципираат корупцијата, нивните искуства со неправедни практики и нивната подготвеност активно да се вклучат во градење на поодговорно и потранспарентно општество.

Наодите од истражувањето покажаа дека младите корупцијата не ја поврзуваат само со поткуп или злоупотреба на јавна функција. Напротив, тие ја препознаваат и во секојдневните ситуации со кои се соочуваат во образовниот процес — фаворизирање на одредени ученици, селективна примена на правилата, неоправдано оправдување на отсуства, различен третман на учениците и користење лични врски за остварување предности. За младите, ваквите појави претставуваат нарушување на принципите на правичност, еднаквост и интегритет и често се доживуваат како форми на коруптивно однесување.

Токму овие согледувања претставуваат една од основните причини за подготовката на овој Прирачник. Неговата цел не е да биде уште еден теоретски документ кој ќе остане на полиците. Напротив, прирачникот е практична алатка наменета за наставници, родители, ученици, училишни раководства и стручни служби кои сакаат активно да придонесат за создавање училишна средина базирана на доверба, одговорност и интегритет.

Прирачникот содржи практични примери, студии на случај, готови наставни активности, идеи за тематски родителски средби, препораки за формирање ученички клубови за интегритет, алатки за самоевалуација на училиштата и препораки за понатамошно унапредување на образовниот систем.

Прирачникот е наменет за примена во различни училишни средини, вклучително и во мултиетнички и повеќејазични училишта. При неговата примена особено внимание треба да се посвети на еднаквиот пристап до информации, активности, ученички тела, натпревари и други можности, независно од етничката припадност, наставниот јазик, полот, социјалниот статус, попреченоста или која било друга лична карактеристика на ученикот.

> Интегритетот не е само училишен предмет.
>
> Интегритетот не е проект.
>
> Интегритетот не е кампања.
>
> Интегритетот е начин на размислување, начин на однесување и вредност која се гради секој ден.

Веруваме дека интегритетот не се учи преку дефиниции. Тој се учи преку личен пример, искуство и секојдневна практика. Затоа, секој наставник, секој родител и секој ученик има важна улога во градењето на училиште во кое правилата важат еднакво за сите, трудот се вреднува правично, а честа се препознава како највисока вредност. Само така можеме да изградиме генерации кои ќе веруваат дека успехот се постигнува со знаење, работа и интегритет, а не преку привилегии, влијание и неправедни предности.

Овој Прирачник во контекст на досегашните национални напори

Антикорупциската едукација во образовниот систем на РС Македонија не започнува со овој Прирачник. Државната комисија за спречување корупција (ДКСК), во соработка со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, веќе спроведе неколку важни иницијативи: Програмата за антикорупциска едукација во основните училишта (2012–2014), во соработка со Центарот за граѓански комуникации и поддршка на Амбасадата на Кралството Норвешка), која резултираше со трајно воведување антикорупциски содржини во наставната програма по Граѓанско образование за седмо одделение; проектот за антикорупциска едукација во средните училишта (2019–2021), со поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија), пилотиран во шест училишта; и кратките едукативно-креативни предавања во основните училишта (2023), со поддршка на ИФЕС), реализирани во 13 училишта низ земјата. Овие иницијативи го отворија просторот и ја потврдија институционалната подготвеност за антикорупциска едукација кај младите..

Она што го предлага овој Прирачник е надградба, а не замена.
Прирачникот „Национален модел — Училиште со Интегритет“ го надополнува постоечкото изучување на антикорупциски теми во рамки на Граѓанско образование, и воведува елементи кои досега не постоеле во ниту еден претходен проект:

- траен институционален механизам — Лице за интегритет во секое училиште, наместо еднократна посета или предавање;
- систем за самооценување и верификација — Систем 5 ѕвезди, со јасни, мерливи критериуми;
- интеграција во Годишната програма за работа на училиштето — антикорупциската едукација станува редовна, а не проектна активност;
- опфат на сите чинители — ученици, наставници и родители, преку структурирани тематски средби;
- поширок географски опфат — пилотирање предложено во 8 плански региони.

Со овој пристап, Прирачникот не конкурира со досегашните напори на Државната Комисија за Спречување на Корупција (ДКСК), Министерство за Образование и Наука (МОН) и Биро за Развој на Образование (БРО) — туку нуди конкретен модел за нивна институционализација и одржливост по истекот на проектното финансирање.

КАКО ДА ГО КОРИСТИТЕ ОВОЈ ПРИРАЧНИК?

Овој Прирачник е напишан за четири различни читатели кои немаат исти потреби. Не мора да го читате од почеток до крај. Најдете ја вашата улога подолу и одете директно таму.

Улога	Што да прочитате
Ако сте наставник	Прочитајте Дел I (кратко, за контекст), потоа фокусирајте се на Дел II (препознавање ситуации) и Дел IV, Поглавје 9 (наставникот како амбасадор + 4 лекции). Дел III ви е потребен само ако сте определени за Лице за интегритет.
Ако сте родител	Одете директно на Дел IV, Поглавје 10 (родителите како партнери) и Поглавје 6 (Кодекс за подароци и ЧПП). Останатото е за контекст, не е задолжително.
Ако сте ученик	Дел I (што е интегритет и корупција) и Дел II (ситуации во Поглавје 3, квиз во 4.4) се напишани директно за вас. Дел IV, Поглавје 13 е за ученичкиот клуб.
Ако сте директор / координатор	Целиот Дел III (институционална рамка) е клучен за вас. Прилог A и B се за интеграција во ГПР и комуникација со МОН/БРО.
Ако сте претставник на МОН / БРО / ДКСК	Предговорот, Прилог A (Национален модел) и Поглавје 17 (Препораки до институциите) се напишани директно за вас.

Брз преглед на структурата:

- Дел I — Основи (што е интегритет, што е корупција, истражување)
- Дел II — Препознавање (ситуации, академски интегритет, квиз)
- Дел III — Институционална рамка (Лице за интегритет, Подароци, Заштита на пријавувачи)
- Дел IV — Работа со чинители (наставници, родители, ученици)
- Дел V — Верификација (Систем 5 ѕвезди)
- Прилози — За институциите, формулари и алатки за директна употреба

НАЦИОНАЛЕН МОДЕЛ
УЧИЛИШТЕ СО ИНТЕГРИТЕТ
★ ★ ★ ★ ★

Што претставува Системот 5 ѕвезди?

Ова е прв систем за самооценување на интегритетот на училиштата во РС Македонија. Секоја ѕвезда претставува конкретно, мерливо постигнување — не само намера.

Училиштата кои ги исполнуваат сите 5 нивоа добиваат официјален статус УЧИЛИШТЕ СО ИНТЕГРИТЕТ — верификуван од МОН и ДКСК.

★ ★ ★ ★ ★ **НИВО 5 — Мобилна Апликација и ДКСК партнерство**
Промовирана мобилна апликација + состанок со ДКСК

★ ★ ★ ★ **НИВО 4 — Недела на интегритет**
Минимум 3 јавни активности + медиумска покриеност

★ ★ ★ **НИВО 3 — Тематски родителски форум**
Барем 1 тематска средба + потпишан Пакт

★ ★ **НИВО 2 — Ученички клуб за интегритет**
Активен клуб, 10+ члена, 4+ активности годишно

★ **НИВО 1 — Транспарентно оценување**
Писмени критериуми достапни за учениците пред секој тест

★	★ ★	★ ★ ★	★ ★ ★ ★	★ ★ ★ ★ ★
Транспарентност	Клуб на Интегритет	Родители	Недела на Интегритет	Партнерство
Критериуми пред тест	Активен ученички клуб	Тематска средба + Пакт	3 јавни активности	Мобилна Апликација + ДКСК

Прирачникот е организиран според овие пет нивоа.

Секој дел ве води кон следната ѕвезда.

КАКО ЕДНО УЧИЛИШТЕ СТАНУВА „УЧИЛИШТЕ СО ИНТЕГРИТЕТ“?

Националниот модел „Училиште со интегритет“ не претставува еднократна активност, проект или кампања. Тој е процес на постепено градење училишна култура заснована на чесност, одговорност, транспарентност и еднакви можности. Секое училиште може постепено да го имплементира моделот преку следните чекори:

Чекор	Опис
1. Одлука на училиштето	Директорот и училишните органи ја прифаќаат определбата за градење училиште со интегритет и ја вклучуваат оваа определба во своето стратешко и годишно планирање.
2. Назначување Лице за интегритет	Се определува лице кое ќе ја координира имплементацијата на моделот, ќе обезбедува советодавна поддршка и ќе ја поттикнува културата на интегритет во училиштето.
3. Усвојување Годишна програма	Училиштето подготвува и усвојува Годишна програма за активности поврзани со интегритетот, антикорупциската едукација и градењето училишна култура заснована на доверба и одговорност.
4. Формирање ученички клуб за интегритет	Учениците активно се вклучуваат преку клубови, дебати, кампањи, врсничка едукација, граѓански иницијативи и други активности кои го промовираат интегритетот.
5. Реализација на активности	Наставниците, учениците, родителите и стручните служби ги реализираат активностите предвидени во прирачникот: тематски часови, студии на случај, работилници, родителски средби, информативни кампањи и акции во училиштето.
6. Самоевалуација	На крајот од учебната година училиштето ја оценува сопствената имплементација користејќи ги индикаторите и алатките за самоевалуација содржани во овој прирачник.
7. Систем „5 ЅВЕЗДИ“	Врз основа на исполнетите критериуми, училиштето го определува своето ниво на развој во рамките на Националниот модел „Училиште со интегритет“ преку Системот „5 Ѕвезди“, кој претставува механизам за континуирано подобрување, а не еднократна оценка.

Интегритетот не е дестинација – тоа е процес

Секој реализиран чекор придонесува за создавање училиште во кое учениците се чувствуваат безбедно, правилата важат еднакво за сите, трудот се вреднува правично, а чесноста претставува основна вредност на училишната заедница.



1 ОСНОВИ НА ИНТЕГРИТЕТОТ И КОРУПЦИЈАТА:

Овој дел го поставува концептуалниот темел на Прирачникот: што е интегритет, што е корупција, и што открива истражувањето на Аналитика за тоа како младите ги доживуваат двете.

1.1 ШТО Е ИНТЕГРИТЕТ?

Овој Прирачник носи наслов Училиште со Интегритет. Затоа, пред да зборуваме за корупцијата — нејзините форми, причини и последици — мора прво да разбереме што всушност градиме. Интегритетот не е отсуство на корупција. Тој е нешто многу повеќе: начин на постапување, размислување и одлучување кој е конзистентен без оглед на тоа дали некој гледа.

> Интегритетот е она што го правиш кога никој не гледа.
> Корупцијата е она што го правиш кога мислиш дека никој нема да дознае.

1.1.1 Дефиниција на интегритетот

Зборот „интегритет“ доаѓа од латинскиот integritas — целовитост, неподеленост. Лице со интегритет е лице чии вредности, зборови и постапки се усогласени — без оглед дали постапува пред јавност или сам, под притисок или во мирна ситуација.

Интегритетот значи:

- доследност помеѓу она што го велиш и она што го правиш;
- чесност дури и кога чесноста носи трошок;
- одговорност за сопствените постапки и одлуки;
- правичност во третманот на сите луѓе, без оглед на врски или статус;
- храброст да се спротивставиш на неправда, дури и кога е неудобно.

1.1.2 Четири нивоа на интегритет

Интегритетот не е апстрактен поим резервиран за возрасни или за институции. Тој постои на повеќе нивоа, кои меѓусебно се поврзани и се градат едно врз друго:

Ниво	Опис
Личен интегритет	Усогласеност помеѓу вредностите и постапките на поединецот. Пример: ученик кој не препишува дури и кога никој не гледа, бидејќи самиот сака да знае дека успехот е лично негов.
Академски интегритет	Чесност во процесот на учење и оценување — без препишување, плагијат или лажно претставување на знаење. Се разработува подетално во Дел II.
Училишен интегритет	Колективна култура во која целата заедница — ученици, наставници, родители, раководство — постапува правично и транспарентно. Се мери преку Системот 5 ѕвезди.
Општествен интегритет	Кога институциите функционираат транспарентно и одговорно кон граѓаните. Училиштето со интегритет е првиот чекор кон ова пошироко ниво.

1.1.3 Интегритет наспроти корупција — две страни на иста монета

Овој Прирачник зборува и за интегритет и за корупција, бидејќи едното не може целосно да се разбере без другото. Сепак, важно е да се запамети редоследот на размислување:

> **Не градиме училиште без корупција со тоа што само ја казнуваме.**
>
> Градиме училиште со интегритет со тоа што секојдневно го практикуваме.
>
> Корупцијата е она од што бегаме. Интегритетот е она кон што се стремиме.
>
> Овој Прирачник е насочен пред сè кон второто.

1.1.4 Зошто училиштето е првото место каде се гради интегритет?

Децата не учат за интегритет само преку дефиниции во учебник. Тие учат преку секојдневното искуство — преку тоа како наставникот постапува кога никој не очекува да биде фер, преку тоа дали правилата важат подеднакво за сите, преку тоа дали трудот на учениците навистина се вреднува.

Затоа улогата на училиштето не е само да ја „научи“ темата интегритет како дел од наставната програма. Улогата на училиштето е да биде простор во кој интегритетот секојдневно се практикува — преку начинот на оценување, преку односот меѓу учениците и наставниците и преку тоа како се решаваат конфликтите.

2 ШТО Е КОРУПЦИЈА?

Правна рамка и типологија

Сега кога знаеме што градиме — интегритет — важно е да разбереме и што спречуваме. Пред да препознаеме корупција во училиштето и да реагираме на неа, мора да разбереме: што точно е корупција, кои се нејзините форми и зошто не секој неетички чин автоматски претставува кривично дело.

2.1 Дефиниција на корупцијата

Поимот „корупција“ потекнува од латинскиот термин corrupcio, кој се преведува како поткупување, расипување и распаѓање. Во македонското законодавство, корупцијата е дефинирана во Законот за спречување корупција и судир на интереси:

> **ЗАКОНСКА ДЕФИНИЦИЈА -** Закон за спречување корупција и судир на интереси
>
> Под корупција се подразбира злоупотреба на функцијата, службената должност или положба заради остварување лична корист — директно или преку посредник — за себе или за друг.

Три елементи мора истовремено да бидат присутни за да станува збор за корупција:

Елемент	Значење
Злоупотреба	Лицето ја надминува или ја искористува службената положба на начин спротивен на законот или моралот.
Функција / должност / положба	Сторителот мора да биде носител на некаква јавна, службена или доверена улога — наставник, директор, член на комисија.
Лична корист	Се остварува корист — материјална или нематеријална — за себе, за роднина, за пријател или за трета страна.

2.2 Клучни поими

За правилно разбирање на корупцијата во образовниот контекст, важно е да се познаваат следните поими:

Поим	Значење
Службена должност	Збир на обврски кои произлегуваат од вршењето на одредена функција или професија. Пример: наставникот е должен да ги оценува учениците според однапред познати и еднакви критериуми.
Корист	Секаков вид материјална или нематеријална придобивка — пари, подарок, услуга, унапредување, оценка.
Ризик од корупција	Ситуација или постапка која создава можност за коруптивно однесување, иако тоа сè уште не се случило.
Судир на интереси	Состојба кога службеното лице има приватен интерес кој влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговата должност. Пример: директор кој е во комисија за вработување, а аплицира неговото дете.
Непотизам	Фаворизирање на блиски роднини при вработување, оценување или доделување привилегии.
Кронизам	Фаворизирање на блиски пријатели — слично на непотизмот, но врз основа на пријателство, а не крвна врска.
Клиентелизам	Овозможување привилегии на поединци заради политичка, партиска или лична лојалност.

2.3 Типови корупција — според ниво

Корупцијата не е монолитна појава. Во зависност од тоа кој ја извршува и какви последици предизвикува, разликуваме три типа:

Тип	Кој го врши?	Форми и последици
Висока корупција	Носители: политичари, министри, директори на институции	Донесување закони во корист на поединци; злоупотреба на јавни фондови; системско купување влијание. Штетата е масовна и долгорочна.
Средна корупција	Носители: службеници на извршно ниво — директори на училишта, членови на комисии	Манипулирање со постапки за вработување, јавни набавки, распределба на ресурси. Штетата е институционална.
Ниска корупција	Носители: наставници, административни работници, шалтерски службеници	Нефер оценување, неоправдани отсуства, ситно поткупување. Најблиска до искуството на учениците.

2.4 Видови корупција — боја на делото

Не секое коруптивно или неетичко однесување е кривично дело. Ова е важна дистинкција за учениците, родителите и наставниците. Разликуваме три вида на корупција:

ЦРНА КОРУПЦИЈА — кривично гонливо дело

Опфаќа тешки кривични дела: поткуп, измама, проневера на јавни средства, лажни дипломи. Сторителите подлежат на кривична постапка и казни.

Пример во образованието: наставник кој прима пари за да постави веќе познати прашања на тестот; директор кој присвојува средства од училишниот фонд.

СИВА КОРУПЦИЈА — на границата на законот

Ги вклучува непотизмот, кронизмот и клиентелизмот. Може да биде и прекршочно казнива. Јавноста не е сигурна дали е осудлива или не, а тоа ја прави особено опасна.

Пример во образованието: директор кој вработува свое дете без транспарентна постапка; комисија која секогаш ги избира истите ученици за проекти без јавни критериуми.

БЕЛА КОРУПЦИЈА — општествено толерирана, но проблематична

Однесувања кои поради културни навики не се сметаат за неморални и не се правно санкционирани — но сепак ги нарушуваат принципите на правичност и интегритет.

Пример во образованието: родители носат мал подарок на наставникот без посебна причина.

Зошто е проблем? Иако поединечно е неказниво, белата корупција ја нормализира логиката дека треба да дадеш нешто за да добиеш третман. Ова постепено ги брише границите и отвора простор за посериозни форми.

2.5 Активна и пасивна корупција

Уште една важна разлика за разбирање на коруптивните ситуации:

Вид	Опис и пример
Пасивна корупција	Службеното лице бара, прима или прифаќа корист. Пример: наставник кој прифаќа скап подарок и потоа ја подобрува оценката.
Активна корупција	Лицето ветува, нуди или дава корист за да добие услуга. Пример: родител кој носи подарок со намера оценката да се промени.

Важно: И двете страни — давателот и примателот — можат да сносат одговорност. Корупцијата не е еднонасочна.

2.6 Корупцијата не е само изразена преку давање пари за услуга

Истражувањето на Аналитика[1] со 629 млади лица покажа дека младите имаат значително пошироко разбирање на корупцијата отколку давање пари за услуга. Тие ги препознаваат следните форми на коруптивно однесување во образованието:

1 Младите и корупцијата (Ставови, искуства и предлози за промена), 2025, Аналитика Скопје. Достапно на: https://www.analyticamk.org/mk/studii-za-politiki

- Поправање оценки поради лични врски или притисок на родители
- Прогледување низ прсти — примена на правилата само за одредени ученици
- Селективно оправдување на отсуства без документација
- Неправеден избор на ученици за натпревари, проекти и програми
- Купување дипломи или сертификати (30% од испитаниците биле сведоци)
- Непотизам и фаворизирање при доделување стипендии и награди

> Секоја неправедност претставува нарушување на интегритетот. Ова сознание покажува дека градењето култура на интегритет мора да започне многу пошироко од класичната борба против поткупот.

2.7 Што ни кажуваат младите?

Во 2025 година, Аналитика спроведе истражување со 629 млади лица (16–26 год.) од Скопје, Струмица и Гостивар за нивните искуства со корупција и интегритет во образованието.

Резултати од истражувањето со млади ни укажуваат на следното:

%	Опис
54%	се соочиле со корупција во образованието
30%	биле сведоци на купување дипломи и сертификати
21.3%	биле сведоци на фаворизирањето на ученици или студенти
24.3%	биле сведоци на поткуп за добивање оценки
69.6%	ја губат мотивацијата дека трудот се исплати
70%	велат дека темата е слабо застапена во наставата
61.7%	сметаат дека младите се иселуваат заради корупцијата во земјата
47.5%	воопшто не се согласуваат со изјавата дека институциите во државата активно се борат против корупцијата
51%	би пријавиле, доколку постои безбеден начин
52.6%	одговориле дека корупцијата подеднакво ги засега и двата пола
19.2%	сметаат дека жените се повеќе изложени на корупција

„Корупцијата е крадец на нашите животи.“
— изјава на млад учесник во истражувањето

2.8 Пет клучни пораки од истражувањето

- Младите имаат пошироко разбирање на корупцијата отколку институциите — за нив тоа е и фаворизирање, селективно оправдување отсуства и непотизам, не само поткуп.
- Корупцијата не создава само неправда — таа создава демотивирани млади луѓе кои престануваат да веруваат дека трудот носи резултат.
- **30% од младите биле сведоци на купување дипломи или сертификати — знак дека системот е под видлив притисок.**
- Младите не се пасивни набљудувачи. Повеќе од половина би пријавиле неправилност доколку постои безбеден, анониман механизам.
- Проблемот не е недостаток на волја кај младите — проблемот е недостаток на безбедни канали и доверба во системот.

ЗАПОМНИ

📌 **Запомни**

✓ Корупцијата не е само поткуп — таа е и фаворизирање, непотизам и селективна примена на правилата.

✓ Не секое неетичко однесување е кривично дело — постои и сива и бела корупција.

✓ Три елементи мора да бидат присутни: злоупотреба + функција + лична корист.

✓ Интегритетот е најдобрата превенција — не казните, туку вредностите.

3 ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА - КОРУПЦИЈАТА ВО ПРАКСА (ПРИМЕРИ НА ЛЕКЦИИ ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА ЧАС)

Овој дел дава практични алатки за препознавање на корупција и за нарушување на интегритетот во реални училишни ситуации — преку конкретни примери, наместо преку апстрактни дефиниции.

Секоја ситуација е означена со боја според тежината и проследена со конкретна препорачана реакција. Препознавањето е прв чекор — реакцијата е следниот.

⛔ КОРУПЦИЈА	⚠ РИЗИК ОД НАРУШУВАЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТ	✓ НЕ Е КОРУПЦИЈА
Јасно нарушување — потребна формална реакција	Гранична зона — бара внимание и транспарентност	Легитимна постапка — нема нарушување

А) Неправедно оценување

Статус	Ситуација	Препорачана реакција
⛔ КОРУПЦИЈА	Наставникот ја поправа оценката на Ема откако нејзиниот татко, општински советник, го повикува директорот „само да поразговараат“.	*Писмен приговор до Наставничкиот совет; барање комисиско преоценување.*
⛔ КОРУПЦИЈА	Истите правила важат различно: едни ученици добиваат опомена за доцнење, а на другите наставникот ни збор не кажува.	*Ученичкиот совет бара јавна расправа и пишани критериуми достапни за сите.*
⚠ РИЗИК ОД НАРУШУВАЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТ	Ученик добива оценка 5ка без јасно образложение — оценката не одговара на претходните резултати.	*Родителите писмено бараат образложение; при одбивање — приговор до Наставнички совет.*
✓ НЕ Е	Наставникот му дава дополнителни задачи на ученик кој заостанал поради болест.	*Ова е легитимна педагошка поддршка. Никаква реакција не е потребна.*

Б) Неоправдани отсуства		
Статус	Ситуација	Препорачана реакција
⛔ **КОРУПЦИЈА**	Класниот раководител оправдува отсуства на Бојан без ниту еден документ — само затоа што „така е поарно за сите“.	*Ревизија на дневник; барање документација; при одбивање — пријава до Државен Просветен инспекторат.*
⛔ **КОРУПЦИЈА**	Директорот му шепоти на наставникот: „Не прави проблеми со тие отсуства“ — мислејќи на дете со влијателен родител.	*Тајно документирање на разговорот; пријава до СОНК и Државен Просветен Инспекторат.*
⚠ **РИЗИК ОД НАРУШУ-ВАЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТ**	Медицинска белешка постои за одреден број на отсуства на ученикот, но наставникот ги оправдува и дополнителните часови кои не се опфатени со медицинската белешка.	*Јасна политика за отсуства во Годишната програма — применета еднакво за сите.*

🤝 B) Фаворизирање и непотизам		
Статус	Ситуација	Препорачана реакција
⛔ КОРУПЦИЈА	Комисијата ја доделува стипендијата на кандидат со послаби резултати — чиј вујко е член на Училишниот одбор.	*Увид во бодовна документација; жалба до Државен Просветен Инспекторат.*
⛔ КОРУПЦИЈА	За Еразмус+ секогаш патуваат истите ученици — без јавен повик, без критериуми, без образложение.	*Писмено барање за јавно објавување критериуми пред секој иден избор.*
⛔ КОРУПЦИЈА	Претседателот на ученичкиот совет е назначен од директорот — изборот никогаш и не се одржал.	*Петиција за вонредни избори со тајно гласање и надворешен набљудувач.*
⛔ КОРУПЦИЈА	Ученик кој одлично говори македонски, но потекнува од друга етничка заедница, систематски не се повикува на дополнителни активности и натпревари, за разлика од соучениците.	*Писмена пријава до Лицето за интегритет и директорот; барање за јасни, национално/јазично неутрални критериуми за учество во сите активности.*
⚠ РИЗИК ОД НАРУШУВАЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТ	Ученик со силни семејни врски не добива мерки по сторен инцидент (насилство врз друг ученик) — случајот «тивко се решава».	*Пријава до Прва Детска Амбасада Меѓаши, Државен Просветен инспекторат и Центар за социјални работи. Барање за изготвување план за пристапност и вклученост; пријава до Лицето за интегритет доколку исклучувањето продолжи.*
⚠ РИЗИК ОД НАРУШУВАЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТ	Училиштето објавува повик за учество во меѓународен проект само на еден наставен јазик. Учениците од паралелките што следат настава на друг јазик дознаваат за повикот откако рокот веќе истекол.	*Сите училишни повици да се објавуваат истовремено на наставните јазици што се користат во училиштето. Критериумите, роковите и начинот на избор треба да бидат еднакво достапни за сите ученици.*

💰 Г) Комерцијален притисок		
Статус	Ситуација	Препорачана реакција
⛔ КОРУПЦИЈА	Наставничката предава неразбирливо и нејасно на часот, а потоа нуди приватни часови за одредена цена.	*Советот на родители реагира до Училишниот одбор и инспекторат со конкретни примери.*
⛔ КОРУПЦИЈА	„Без мојата книга нема да добиете преодна оценка за предметот“ — наставничката забранува фотокопии и бара купување на нејзината книга.	*Анонимно пријавување до директорот со доказ (пораки, сведоци).*
⚠ РИЗИК ОД НАРУШУВАЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТ	Родителите организираат купување на скап колективен подарок за наставничката.	*Применете го Кодексот за подароци (Дел III). Наставничката треба јавно да го одбие.*
✓ НЕ Е	Ученик самоиницијативно носи цвеќе за наставничката на крај на годината — без никаква цел.	*Симболичен гест на благодарност. Нема нарушување.*

🏛 Д) Институционална корупција		
Статус	Ситуација	Препорачана реакција
⛔ КОРУПЦИЈА	Прашањата од тестот однапред се достапни само за одредени ученици — преку приватна група.	*Поништување на тестот; протоколи за дигитална безбедност; дисциплинска постапка.*
⛔ КОРУПЦИЈА	Директорот го отвора холот на училиштето за партиски настан — бесплатно, без одлука на Одбор.	*Пријава до ДКСК со фото/видео документација. Јавниот простор не е партиски ресурс.*
⛔ КОРУПЦИЈА	Училиштето собира пари „за фонд“ во готовина — без уплатница, без список, без отчет.	*Родителите бараат официјален финансиски извештај. При одбивање — пријава до Државен Просветен инспекторат.*

Ѓ) Корупција во здравство и јавни набавки		
Статус	Ситуација	Препорачана реакција
⛔ КОРУПЦИЈА	Пациент чека месеци на листа за операција — но по неформална исплата на хирургот, операцијата е закажана за следната недела.	*Пријава до Министерство за здравство и ДКСК. Листата на чекање мора да биде јавна и мерлива.*
⛔ КОРУПЦИЈА	Фармацевтска компанија им нуди на лекарите скапи патувања и паричен „бонус“ ако пропишуваат нејзините лекови.	*Пријава до Лекарска комора и ДКСК. Лекарот мора да пријавува сите врски со индустријата.*
⚠ РИЗИК ОД НАРУШУВАЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТ	Семејство носи скап подарок на хирургот по успешна операција — од благодарност, без претходен договор.	*Лекарот треба да го одбие или да го пријави. Подарокот после услугата е сива зона — нормализира лоша пракса.*
✓ НЕ Е	Болницата јавно објавува листи на чекање онлајн и редовно ги ажурира.	*Ова е транспарентност — токму онака како треба да функционира јавното здравство.*
⛔ КОРУПЦИЈА	Тендерот за опрема за рентген е напишан со специфични технички услови кои ги исполнува само една однапред одредена компанија.	*Увид во тендерска документација; пријава до Државна комисија за јавни набавки и ДКСК.*
⛔ КОРУПЦИЈА	Истата фирма за прехрана го добива договорот со студентскиот дом 7 години по ред — понудите на поевтините конкуренти секогаш се дисквалификуваат по формален повод.	*Барање за ревизија на постапката; пријава до Државен завод за ревизија со документација.*
⛔ КОРУПЦИЈА	Градоначалникот дозволува изградба на зграда на заштитена локација — откако инвеститорот финансирал партиска кампања.	*Пријава до ДКСК и локалниот инспекторат со урбанистичка документација и докази за финансирање.*
⚠ РИЗИК ОД НАРУШУВАЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТ	Набавката за екскурзија се доделува без јавен повик — директорот „лично го познава“ организаторот и „знае дека е доверлив“.	*Барање за задолжителна транспарентна постапка со минимум три понуди и пишани критериуми.*

Прашања за дискусија

→ Која ситуација те погодила најмногу — и зошто?

→ Дали нешто слично се случило во твоето училиште? Како реагиравте?

→ Кога правилата важат само за одредени ученици — каква порака испраќа тоа на останатите?

→ Дали еднаквиот третман значи само исти правила или и еднаква можност правилата да се разберат и користат?

→ Каков вид храброст е потребна за да се реагира? Дали секогаш можеме сами?

Молчењето е дел од проблемот. Разговорот е почеток.

4 АКАДЕМСКИ ИНТЕГРИТЕТ

Академскиот интегритет претставува посветеност на чесноста, одговорноста, довербата, правичноста и почитувањето во процесот на учење. Тоа не е само правило за тоа дека не смееш да препишуваш — тоа е вредносен систем кој ја дефинира смислата на образованието.

Дипломата добиена со препишување на тестови и испити НЕ претставува знаење. Сертификатот купен онлајн НЕ претставува компетентност. Единствената вредност на образованието е во процесот — во напорот, во грешките, во учењето. Кога тој процес е компромитиран, образованието губи смисла.

> Истражувањето на Аналитика покажа дека 30% од младите биле сведоци на купување дипломи и сертификати. Тоа не е статистика — тоа е порака: системот е под притисок.

4.1 Форми на нарушување на академскиот интегритет

Нарушување на академскиот интегритет претставува секое однесување кое го компромитира чесниот процес на оценување и стекнување знаење:

Форма	Опис
Препишување	Копирање на одговорите на друг ученик за време на тест или испит, со или без негово знаење.
Плагијат	Претставување на нечиј туѓ труд, текст или идеи како свои — без наведување на изворот.
Недозволени помагала	Употреба на белешки, телефон, уред или друг материјал кој не е дозволен за време на тестирање.
Купување трудови	Нарачување или купување семинарски трудови, есеи или задачи кои потоа се предаваат под свое име.

Форма	Опис
Злоупотреба на вештачка интелигенција	Употреба на ВИ алатки за целосно генерирање задача без разбирање на содржината, кога наставникот тоа го забранил.
Лажно претставување	Правење тест наместо некој друг, или барање некој друг да прави тест наместо тебе.
Купување оценки / дипломи	Плаќање на наставник или институција за оценка или диплома — тешка форма на корупција.

4.2 Посебна тема: Вештачка интелигенција (ВИ) и академски интегритет

Развојот на вештачката интелигенција создаде нова категорија на дилеми во образованието. Употребата на ВИ алатки не е автоматски нарушување на академскиот интегритет — зависи од тоа КАКО се употребува.

Категорија	Опис
Прифатливо	Употреба на ВИ за истражување, барање извори, проверка на граматика, добивање идеи — под услов ученикот сам да ја пишува и разбира задачата.
Гранична зона	Парафразирање на текст генериран од ВИ, со значителна лична надградба — треба да биде наведено.
Неприфатливо	Предавање на целосно ВИ-генериран текст под свое име, без разбирање или надградба — кога наставникот тоа го забранил.
Препорака	Наставниците треба да имаат јасни правила за употребата на ВИ: дали е дозволено, за кои задачи и под кои услови.

> ВИ не е измама кога е транспарентно употребена.
>
> ВИ е измама кога е употребено за да се сокрие недостаток на знаење и разбирање.

4.3. Лекции за предавање на час

Лекција 1: Дали е измама?

Следниве сценарија се наменети за дискусија на час. За секое сценарио се прашува: дали претставува нарушување на академскиот интегритет? Зошто?

Сценарио	Ситуација
Сценарио А	Марко го прашал ChatGPT за темата на есејот, добил идеи и структура, а потоа сам го напишал текстот со свои зборови.
Сценарио Б	Ана го копирала целиот есеј од ChatGPT, само сменила неколку зборови и го предала.
Сценарио В	Лена го нашла есејот на интернет, го парафразирала и не ги навела изворите.
Сценарио Г	Горан препишал од соученик за време на тест, а соучениkот доброволно му дал да препише.
Сценарио Д	Нина купила семинарски труд онлајн и го предала без промени.
Сценарио Ѓ	Петар користел бележник за време на тест кога тоа не е дозволено, но не гледал во него.

Одговори (за дискусија):

А — не е нарушување (ВИ како алатка, сам пишува).
Б — нарушување (целосна замена на трудот).
В — нарушување (плагијат без наведување).
Г — нарушување (препишување).
Д — тешко нарушување (купување труд).
Ѓ — гранична ситуација (намерата е важна).

Лекција 2: Притисок, група и молчење

Сценаријата подолу ја истражуваат улогата на групата, молчењето и социјалниот притисок во нарушувањето на академскиот интегритет. За секое сценарио се поставуваат прашањата: дали претставува нарушување на интегритетот? Зошто?

Сценарио	Ситуација	Оцена
Сценарио А	Целото одделение знае дека Иван продава домашни задачи по математика — за 200 денари по задача. Наставникот не знае. Никој не пријавил.	⛔ Нарушување
Сценарио Б	Пред тестот, Сара ги фотографира белешките на соученичката и ги испраќа во групниот чет — само за потсетување.	⛔ Нарушување
Сценарио В	Наставникот отсуствува. Дежурниот ученик треба да го чува редот за време на писменият испит. Наместо тоа, гледа настрана.	⚠ Гранично
Сценарио Г	Матурата се приближува. Тони наоѓа на интернет стара семинарски труд од ист предмет, ги менува имињата и датумот и го предава на наставничката.	⛔ Нарушување
Сценарио Д	Ема ја прашала мајка си (професорка по историја) да ѝ помогне да ја структурира темата за истражувачки труд. Мајка ѝ дала насоки — Ема сама го напишала трудот.	✓ Прифатливо
Сценарио Ѓ	Наставникот за наградата на најдобар есеј ги прашал учениците да гласаат — но некои ученици организирале договорено гласање за пријател кој не е најдобар.	⛔ Нарушување
Сценарио Е	Лука го употребил ChatGPT за да го преведе текст од англиски, го прочитал и го парафразирал со свои зборови. Навел: Преведено со помош на ВИ.	✓ Прифатливо

💡 Одговори — за дискусија со наставникот

А —Нарушување: продавањето задачи е форма на корупција во образованието. Молчењето на класот е соучесништво.

Б — Нарушување: групниот чет не е „помош“ — тоа е организирано препишување.

В — Гранично: дежурниот ученик не е сторител, но е соодговорен за средината. Намерното неприметување е форма на дозволување.

Г — Нарушување: плагијат со лажна авторизација. Стар семинарски труд + сменето име = измама.

Д — Прифатливо: родителот дал методолошка насока, ученичката сама го создала трудот. Ова е легитимна поддршка.

Ѓ — Нарушување: манипулирање со процес кој треба да биде фер и независен.

Е — Прифатливо: транспарентна употреба на ВИ со лична надградба и наведување — токму онака треба.

Прашања за дискусија по лекцијата

→ Зошто молчиме кога знаеме дека некој мами? Каде е границата помеѓу лојалност и соучесништво?
→ Дали ако сите прават нешто автоматски значи дека тоа нешто треба да се оправда и да се прифати како прифатливо однесување иако истото е неправилно? Кој всушност губи кога системот е полн со измами?
→ Ако наставникот не знае за одредена ситуација од која извлекле опортунитетна корист учениците — дали тоа значи дека од истата нема штета? Кој е оштетен?
→ Каква е разликата помеѓу добивање помош и некој да го направи наместо тебе?

Лекција 3 : Кога институцијата греши

Нарушувањето на академскиот интегритет не доаѓа само од учениците. Понекогаш системот сам создава услови за неправда. За секое сценарио се поставуваат прашањата: дали е прифатливо? Кој е одговорен?

Ученикот не е единствениот актер. Наставниците, директорите и училишните одбори исто така носат одговорност за академскиот интегритет — или за негово нарушување.

Сценарио	Ситуација	Оцена
Сценарио А	Наставникот секоја година дава исти тестови — учениците ги собираат и разменуваат прашањата. Тој знае, но не ги менува.	⚠ Гранично
Сценарио Б	Директорот притиска наставникот да ја подобри оценката на ученик пред крај на годината, за да не паѓа просекот на оценки на одделението.	⛔ Нарушување
Сценарио В	Наставничката по македонски ги оценила сите есеи еднакво, иако квалитетот варирал, бидејќи не сакала конфликти со родители.	⛔ Нарушување
Сценарио Г	Училиштето воведе правило: секој ученик мора да купи одреден учебник. Авторот на учебникот е наставник во истото училиште.	⛔ Нарушување

Сценарио Д	Наставникот дава јасни критериуми за оценување пред секој тест и ги објавува на огласна табла. Ист критериум за сите.	✓ **Прифатливо**
Сценарио Ѓ	Ученик поднесува жалба за оценка. Наставничкиот совет формира комисија, ја разгледува работата и дава писмен одговор во 5 дена.	✓ **Прифатливо**

💡 Одговори — за дискусија со наставникот

А — Гранично: наставникот не е директно виновен, но со пасивност создава услови за нарушување. Одговорноста е дел од улогата.

Б — Нарушување: директорот врши притисок врз наставникот — ова е средна корупција. Просекот на одделението никако не смее да биде над интегритетот.

В — Нарушување: избегнувањето конфликт со неправедно оценување го компромитира целиот систем на вредност.

Г — Нарушување: судир на интереси + комерцијален притисок. Поврзано со примерите од Дел II, Г) секција.

Д — Прифатливо: транспарентни критериуми се основа на академскиот интегритет. Така треба.

Ѓ — Прифатливо: формална, правична постапка за жалба е институционален интегритет во акција.

💬 Прашања за дискусија по лекцијата

→ Зошто институциите понекогаш „гледаат настрана“? Каков притисок чувствуваат наставниците и директорите?

→ Кога системот наградува измама (со подобри оценки, подобар просек) — кои пораки ги испраќа на учениците?

→ Какви правила би воделе вие кога би биле директор на училиштето?

→ Дали некогаш сте виделе наставник да постапува фер дури и под притисок? Зошто е тоа важно?

Лекција 4: Родова димензија - Кој ќе го претставува училиштето?

Училиштето треба да избере двајца ученици за учество на натпревар по роботика. Елена и Марко имаат речиси исти резултати, а Елена има и повеќе практично искуство. Наставникот го избира Марко со образложение: „Момчињата обично подобро се снаоѓаат со техника, а Елена може да помогне во подготовката на презентацијата.“

💬 Прашања за дискусија

→ Дали изборот е направен според јасни и објективни критериуми?
→ Дали врз одлуката влијаел родов стереотип?
→ Како требало да се спроведе изборот?
→ Што може да направи Елена доколку смета дека била неправедно изоставена?

💡 Препорачана реакција

Училиштето треба однапред да утврди јасни и мерливи критериуми за избор, како што се знаење, резултати, искуство, мотивација и тимска работа. Полот не смее да биде формален или неформален критериум за одлучување.

Лекција 5: Ученици со попреченост - Екскурзија за сите?

Училиштето организира еднодневна екскурзија. Петар користи инвалидска количка и сака да учествува заедно со своите соученици. Класниот раководител им кажува на неговите родители: „Подобро е Петар да не доаѓа, бидејќи местото не е пристапно и неговото присуство ќе ја отежни организацијата.“ Училиштето не разгледало друга локација, приспособен превоз или дополнителна поддршка.

💬 Прашања за дискусија

→ Дали Петар добил еднаква можност да учествува?
→ Дали организациската тешкотија е доволна причина ученикот да биде исклучен?
→ Што требало училиштето да направи пред да донесе одлука?
→ Кому можат да се обратат Петар и неговите родители?

💡 Препорачана реакција

Училиштето треба навремено да ги идентификува потребните приспособувања и да избере пристапна локација, соодветен превоз или друг разумен начин на поддршка. Исклучувањето на ученикот не смее да биде првото и најлесното решение.

📌 Клучна порака

Еднакви можности не значи дека секој ученик добива идентичен третман, туку дека секој ученик ја добива поддршката што му е потребна за рамноправно учество.

Лекција 6: Социјално ранливи ученици – Посета на културен настан

Училиштето организира платена посета на културен настан. Учениците кои не можат да ја платат потребната сума се замолени да останат во училиштето, а нивните имиња се прочитани пред целото одделение.

💬 Прашања за дискусија

→ Дали училиштето ја заштитило приватноста и достоинството на учениците?
→ Дали финансиската состојба на семејството создава нееднаква можност за учество?
→ Како можела активноста да се организира без јавно издвојување на учениците?
→ Дали училиштето располага со фонд или друг механизам за поддршка?

Препорачана реакција

Финансиската состојба на семејството треба да се третира доверливо. Училиштето треба да предвиди механизми за солидарност, ослободување од плаќање или друга поддршка, без јавно означување и понижување на ученикот.

4.4. КВИЗ ЗА УЧЕНИЦИ: ПРОВЕРИ ГО СВОЕТО ЗНАЕЊЕ: Дали е корупција?

За секоја ситуација одлучи: А) Корупција Б) Не е корупција В) Не сум сигурен/а — и наведи зошто во 2 реченици. Овој работен лист може да се копира и користи директно на час.

Сценарио	Ситуација
Ситуација 1	Наставникот на Петар му кажал пред тестот дека едно конкретно прашање нема да го има на тестот — неговиот татко е близок пријател на наставникот.
Ситуација 2	Мајката на Сара донела цвеќиња за наставничката за 8ми Март и притоа ништо не побарала за возврат.
Ситуација 3	Директорот го назначил Харис за претседател на ученичкиот совет без избори и критериуми.
Ситуација 4	Наставникот дал дополнителен поен на ученик кој поставил одлично прашање на час.
Ситуација 5	Родителот го повикал наставникот и побарал да ги промени оценките на детето.

Одговори:

1 → Корупција (фаворизирање, откривање тест однапред).
2 → Бела корупција (општествено толерирана, без барање за возврат).
3 → Корупција (институционална, задушување на демократијата).
4 → Не е корупција (транспарентен педагошки избор, не личен интерес).
5 → Корупција (директен притисок за промена на оценка).

4.5 КВИЗ ЗА УЧЕНИЦИ: ПРОВЕРКА НА ИНТЕГРИТЕТ: Колкав интегритет има вашето училиште?

За секое прашање: ДА = 2 бода, ДЕЛУМНО = 1 бод, НЕ = 0 бодови. Целта не е да се пронајдат виновници — туку да се идентификуваат можности за подобрување.

А. Правичност и еднаков третман

- *Правилата се применуваат еднакво за сите ученици?*
- *Учениците се оценуваат според исти критериуми?*
- *Наставниците редовно ги објаснуваат критериумите за оценување?*
- *Постојат механизми за жалба при неправедно оценување?*
- *Постои политика против фаворизирање и дискриминација?*
- *Учениците со попреченост и социјално ранливите ученици имаат еднаков пристап до сите активности?*

Б. Правилно носење на одлука

- *Дали сите ученици навремено ги добиле информациите на јазик што го разбираат?*
- *Дали полот или родовите стереотипи влијаеле врз изборот?*
- *Дали ученик со попреченост добил соодветно приспособување?*
- *Дали финансиската или семејната состојба на ученикот влијаела врз неговата можност да учествува?*
- *Дали одлуката директно или индиректно става одредена група ученици во понеповолна положба?*
- *Дали можеме јавно и аргументирано да ја образложиме одлуката?*

В. Транспарентност

- *Учениците знаат како се носат важните одлуки?*
- *Критериумите за избор на ученици за натпревари се јавно достапни?*
- *Родителите редовно се информираат за училишните политики?*
- *Училиштето објавува информации транспарентно?*
- *Учениците се информирани за своите права и обврски?*

Г. Учество и пријавување

- *Ученичкиот совет се состанува редовно и има реална улога?*
- *Учениците знаат кому да се обратат ако видат нешто неправедно?*
- *Постои анонимна кутија за поплаки видливо поставена?*
- *Знаете за ДКСК и апликацијата Глас против корупцијата?*
- *Ученик кој поднел поплака добил одговор?*

Д. Интегритет на наставниците

- *Наставниците конзистентно ги применуваат правилата за сите?*
- *Наставниците избегнуваат нудење приватни часови на своите ученици?*
- *Постои јасна политика за конфликт на интереси?*
- *Наставниците разговараат отворено за темата интегритет?*
- *Ниеден ученик не се пожалил за нефер третман во последната учебна година?*

Бодови	Ниво	Препорака
42–50 бода	Високо ниво	Вашето училиште е добар пример. Споделете ги практиките!
30–41 бода	Средно ниво	Добра основа. Изработете акциски план за слабите области.
0–29 бода	Потребни подобрувања	Формирајте работна група и подгответе план за 12 месеци.

ЗАПОМНИ

📌 **Запомни**

✓ Академскиот интегритет не е само правило — тој е смислата на образованието.

✓ ВИ не е измама кога е транспарентно употребена. Измама е кога преку ВИ се крие незнаење.

✓ Молчењето од страна на учениците кога некој ученик мами е форма на соучесништво.

✓ Секој ученик може да придонесе — со реакција, не само со избегнување.

ДЕЛ III
ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Овој дел е јадрото на иновацијата на овој Прирачник: конкретни, трајни институционални механизми кои го разликуваат овој модел од досегашните активности. Тука се претставени Лицето за интегритет, Кодексот за подароци и системот за заштита на пријавувачите.

5 ЛИЦЕ ЗА ИНТЕГРИТЕТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во секое училиште постои некој кому учениците му веруваат — педагогот, наставникот по историја, секретарката. Системот 5 ѕвезди тој природен однос го претвора во официјална улога со јасни обврски.

Градењето култура на интегритет во училиштето не може да биде резултат на поединечни активности или повремени проекти. Потребен е системски пристап и јасно определено лице кое ќе ја координира превенцијата, ќе биде точка за доверба и ќе обезбеди континуитет во активностите поврзани со интегритетот и спречувањето на корупцијата

Во современите образовни системи сè повеќе се препознава потребата секоја образовна институција да има лице или координатор задолжен за прашањата поврзани со интегритет, етика, транспарентност и пријавување на неправилности. Ова не е нова функција — тоа е надградба на постоечки улоги во стручната служба на училиштето.

> **Лицето за интегритет не е инспектор. Не казнува. Не истражува.**
> Тоа е безбедна точка за разговор, поддршка и превенција.

5.1 Кој може да биде лице за интегритет?

Лице за интегритет може да биде секој вработен во училиштето кој поседува висок личен и професионален интегритет, ужива доверба кај учениците, родителите и колегите и е подготвен да се грижи за оваа улога. Лицето се назначува со одлука на директорот на училиштето.

Профил	Напомена
Педагог / психолог	Природно продолжение на постоечката стручна служба. Препорачана опција — веќе има доверба на учениците.
Социјален работник	Особено корисно во средини со поголем социоекономски ризик.
Наставник	Доколку стручна служба не постои или е ограничена. Важно: не смее да биде наставник на предметот за кој се пријавува неправилност.
Стручен соработник	Лице со специјализација во областа на правата на детето, превенција или медијација.
Друг вработен	Секој вработен со висок интегритет, по избор на колегиумот и одобрување на директорот.

5.2 Улоги и одговорности

Лицето за интегритет ги обавува следните функции:

Домен	Задача	Опис
Превенција	Едукација и свест	Организира работилници, предавања и кампањи за интегритет со учениците и наставниците.
Превенција	Идентификување ризици	Ги следиситуациите кои можат да создадат ризик од коруптивно однесување и предлага превентивни мерки.
Поддршка	Доверлив разговор	Обезбедува безбеден простор за учениците, родителите и наставниците кои сакаат да пријават или да разговараат за неправилност.
Поддршка	Информирање	Ги информира учениците и родителите за механизмите за пријавување — внатрешни и надворешни.
Координација	Клуб за интегритет	Ја координира работата на Ученичкиот клуб за интегритет, го поддржува клубот менторски.
Координација	Годишен извештај	Подготвува краток годишен извештај (1–2 стр.) за активностите — се доставува до директорот.
Соработка	Надворешни институции	Соработува со ДКСК, Државниот просветен инспекторат, МОН, БРО и граѓански организации.

5.3 Што НЕ е лице за интегритет?

Лицето за интегритет НЕ Е:

× не е инспектор — не спроведува дисциплински постапки
× не е пријавувач — не ги предава имињата на учениците
× не е надзорник — не ги следи наставниците
× не е замена за стручната служба — туку нејзина надградба
× не е тужител— туку е медијатор, советник и обезбедува поддршка

5.4 Услови за ефективна работа

- *Формално назначување — со одлука на директорот, не само усна задолженост.*
- *Посебен простор за доверливи разговори.*
- *Анонимна кутија или дигитален канал за пријавување без директен контакт.*
- *Минимум 2 часа неделно — ослободување од дел од административните задачи.*
- *Годишна обука — учество во обуки на ДКСК, МОН или граѓански организации.*
- *Заштита — директорот не смее да врши притисок врз лицето за интегритет.*

5.5 Заштита од притисок и одмазда на лицето за интегритет

Лицето за интегритет треба да ја врши својата функција независно, непристрасно и без страв од неповолни последици. Директорот, училишните органи, вработените или други лица не смеат да вршат притисок, да попречуваат постапување по пријава или да преземаат мерки на одмазда поради совесното извршување на оваа улога.

Училиштето е должно да обезбеди:

- *доверливост на информациите;*
- *заштита од неоправдано дисциплинско или професионално постапување;*
- *можност за пријавување притисок до Училишниот одбор или до надлежна институција;*
- *евидентирање и документирање на секое постапување по пријава;*
- *примена на важечките правила за заштита на пријавувачите секогаш кога се исполнети законските услови.*

Лицето за интегритет не е истражен орган и не утврдува вина. Неговата улога е да ја прими информацијата, да ја процени надлежноста, да обезбеди доверливост и да го упати случајот до соодветниот училишен орган или надлежна институција.

5.6 Предлог Годишен план на Лицето за Интегритет

Период	Активност
Септември	Запознавање со новите ученици. Поставување анонимна кутија. Информирање за механизмите за пријавување.
Октомври	Организација на основачко собрание на Клубот за интегритет. Потпишување Повелба.
Ноември	Тематска работилница со ученици: Препознавање корупција во секојдневниот живот.
Декември	Тематска родителска средба (во соработка со класните раководители).
Февруари	Преглед на анонимни пријави. Разговор со раководството за евентуални ризици.
Март	Герила акција или кампања на Клубот за интегритет.
Април	Посета на ДКСК или друга релевантна институција. Средба со надворешен партнер.
Мај	Недела на интегритет. Доделување Сертификати за амбасадори.
Јуни	Подготовка на годишен извештај. Евалуација на активностите.

5.7 Самооценување на Лицето за Интегритет

Прашање	Одговор
Дали организирав барем 2 едукативни активности годишно?	ДА / НЕ / ДЕЛУМНО
Дали учениците знаат кому да се обратат при неправилност?	ДА / НЕ / ДЕЛУМНО
Дали анонимната кутија беше видливо поставена и редовно проверувана?	ДА / НЕ / ДЕЛУМНО
Дали соработував со Клубот за интегритет?	ДА / НЕ / ДЕЛУМНО
Дали поднесов годишен извештај до директорот?	ДА / НЕ / ДЕЛУМНО
Дали учествував во барем 1 надворешна обука?	ДА / НЕ / ДЕЛУМНО

5.8 ЛЕКЦИЈА ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА ЧАС: КОМУ МУ ВЕРУВАМЕ КОГА НЕШТО НЕ Е ВО РЕД?

ТЕМА: Лице за интегритет во училиште

Времетраење: 40 минути | Возраст: 13–18 год. | Методи: Дискусија, студија на случај, работа во групи, мапирање на доверба

Цел на лекцијата: Учениците да разберат зошто е важно во училиштето да постои лице за интегритет, да препознаат кому можат да се обратат кога ќе забележат неправилност и да предложат како треба да функционира системот за поддршка и заштита во нивното училиште

Исходи од учењето: По завршување на активноста учениците ќе можат:

- → да објаснат што претставува лице за интегритет;
- → да препознаат ситуации во кои е потребно да се побара поддршка;
- → да наведат на кого можат да се обратат во случај на неправедност или сомнеж за корупција;
- → да предложат карактеристики на лице од доверба во училиштето;
- → да учествуваат во креирање на училишен систем за интегритет.

Воведна активност: Кому би се обратил?

Времетраење: 5 минути

Наставникот им поставува прашање на учениците: „Замислете дека сте сведок на некоја ситуација која не е вообичаена и бара ваша реакција. Кому прво би се обратиле?“

Секој ученик анонимно го запишува својот одговор на ливче. Ливчињата се собираат и наставникот чита неколку одговори. Потоа следи кратка дискусија:

- Зошто го избравте тоа лице?
- Дали чувствувате доверба?
- Што ако тоа лице не може да ви помогне?

Активност 1: Какво треба да биде лицето за интегритет?

Времетраење: 10 минути

Учениците се делат во мали групи. Секоја група добива задача да одговори на прашањето: „Каква личност би сакале да биде лицето за интегритет во вашето училиште?“

Групите треба да изберат пет најважни карактеристики.

Примери: чесно; непристрасно; доверливо; достапно; храбро; одговорно; правично; комуникативно.

Секоја група ги презентира своите предлози.

Наставникот ги запишува на табла и заедно со учениците создава „Профил на лице за интегритет“.

Активност 2: Студија на случај

Времетраење: 10 минути

Ана и неправедната оценка

Ана е одлична ученичка и редовно постигнува високи резултати по математика.На последниот тест добила оценка 3ка. Кога побарала увид во тестот и објаснување на оценката, наставникот кратко одговорил дека оценката е конечна и дека нема потреба од дополнителна дискусија. Неколку дена подоцна Ана слушнала од соученици дека две ученички однапред ги знаеле прашањата од тестот бидејќи нивните родители биле блиски со наставникот. Ана не знае што да направи. Се плаши дека ако се пожали, наставникот ќе биде уште построг кон неа.

Прашања за дискусија

- Дали Ана има право да побара образложение за оценката?
- Дали постои сомнеж за неправедно постапување?
- Кому најпрво треба да се обрати?
- Дали стравот на Ана е оправдан?
- Што би направиле вие на нејзино место?
- Како би помогнало лицето за интегритет во оваа ситуација?

Активност 3: Карта на доверба Времетраење: 10 минути

Наставникот на таблата ја прикажува следната шема:

Ученик ↓ Класен раководител ↓ Педагог / Психолог ↓ Директор ↓ Лице за интегритет

Учениците со налепници или маркери означуваат:

- На кого најмногу би му верувале?
- На кого можеби би му се обратиле?
- На кого не би му се обратиле?

Следи дискусија:

- Зошто имаме различни нивоа на доверба?
- Што може училиштето да направи за да ја зголеми довербата?
- Дали би било корисно да постои лице за интегритет?

Заклучна активност

Времетраење: 5 минути

Наставникот го поставува прашањето: „Дали во нашето училиште постои личност на која учениците можат безбедно и доверливо да ѝ се обратат кога ќе забележат неправилност?“

Учениците ги споделуваат своите размислувања. На крај секој ученик ја завршува реченицата:

„Училиште со интегритет е училиште во кое _____.“

Одговорите може да се постават на училишен панел или во училницата како потсетник за вредностите што сакаат да ги градат.

6 КОДЕКС ЗА ПОДАРОЦИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Подароците честопати се доживуваат како знак на благодарност и топлина. Сепак, кога подароците стануваат скапи, организирани или поврзани со очекување на одредена услуга, тие можат да создадат ризик од судир на интереси и коруптивно однесување.

Проблемот не е во намерата — проблемот е во последицата. Дури и кога не постои директна намера за поткупување, скап подарок создава неформална обврска.

> **Не постојат лоши подароци. Постојат неприфатливи подароци.**
>
> Разликата не е во вредноста на намерата, туку во вредноста на предметот и контекстот во кој се дава.

6.1 Прифатливи форми на благодарност

Форма	Напомена
Честитка / писмо	Рачно напишана честитка или писмо за благодарност.
Цртеж / творечки труд	Детски цртеж, стихотворба или мал творечки подарок.
Симболичен предмет	Предмет со симболична вредност (под 500 ден.).
Заедничка фотографија	Спомен-фотографија од часот или настанот.
Јавно признание	Пофалба пред одделението или на родителска средба.

6.2 Неприфатливи форми

Форма	Зошто е проблем?
Пари — во секаков облик	Директно давање пари — вклучувајќи плаќање за приватни часови.
Ваучери и подарок-картички	Функционално еквивалентни на пари.
Скап накит или предмети	Вредност над 2.000 ден. — независно од колективно или поединечно давање.
Електронски уреди	Телефони, таблети, апликации, претплати.
Организирано собирање пари	Создава социјален притисок врз родителите кои не сакаат или не можат да учествуваат.
Подарок поврзан со очекување	Секој подарок даден пред или за време на оценување.

> Практично правило: Ако подарокот не би се дал јавно, пред сите родители и ученици — тогаш веројатно не треба да се даде воопшто.

6.3 Обврски

Наставници:

- *Одбивај подароци кои ги надминуваат прифатливите форми — со достоинство.*
- *Не прифаќај подароци за време на оценувачки периоди.*
- *Пријави ако претрпиш притисок — до лицето за интегритет.*
- *Биди пример — учениците учат од она што го гледаат.*

Родители:

- *Не организирај колективно собирање пари за скапи подароци.*
- *Не давај подароци пред или за време на оценување.*
- *Изрази благодарност преку присуство, соработка и поддршка.*

6.4 Често поставувани прашања

Овие прашања најчесто ги поставуваат родителите. Одговорите се водени од принципот: симболично и без очекување е во ред; скапо, организирано или поврзано со оценување не е.

Прашање	Одговор
Дали е дозволено цвеќе за 8ми Март?	Да. Едно цвеќе или мал букет од одделението е симболичен гест, без очекување за возврат.
Дали е дозволена заедничка честитка?	Да, секогаш. Честитка, писмо или цртеж од учениците никогаш не се проблем — напротив, се препорачуваат.
Дали е дозволен подарок од над 500 денари?	Не се препорачува. Над прагот од 500 денари веќе создава ризик, особено ако е даден индивидуално, а не колективно симболично.
Дали смееме да собереме по 50 денари по дете за заеднички подарок?	Прифатливо е само ако вредноста на крајниот подарок остане симболична и учеството е целосно доброволно, без социјален притисок.
Што ако наставникот одбие подарок — дали е тоа навреда?	Не. Учтиво одбивање („Ви благодарам, но не можам да примам подароци“) е професионално однесување, не лична навреда.
Дали учениците смеат да направат изненадување за крајот на годината?	Да — групна активност (фотографија, изложба на цртежи, писмо за благодарност) е секогаш добредојдена.

Оваа политика не е против благодарноста.
Таа е за заштита на правичноста.

7 ЗАШТИТА НА ПРИЈАВУВАЧИТЕ

Еден од најголемите фактори кои ги спречуваат луѓето да пријавуваат неправилности е стравот. Овој страв е оправдан доколку не постои систем за заштита на пријавувачите.

Истражувањето на Аналитика покажа дека повеќе од половина (51%) од младите би пријавиле корупција доколку постои безбеден, доверлив и анонимен механизам. Тоа значи дека проблемот не е недостаток на волја. Проблемот е недостаток на безбедност.

Пријавувањето не е предавство.

Пријавувањето е граѓанска одговорност.
Молчењето за неправилност е прифаќање на неправдата.

7.1 Кој е заштитен?

Законот за заштита на укажувачите предвидува:

- *Укажувачот не може да биде отпуштен од работа поради пријавата.*
- *Не може да му биде намалена платата или да биде деградиран.*
- *Не може да биде изложен на мобинг или психолошки притисок.*
- *Неговиот идентитет мора да биде заштитен во постапката.*
- *Може да поднесе тужба доколку трпи последици поради пријавувањето.*

ВАЖНО:

Законската заштита важи за ЛИЦА КОИ ПРИЈАВУВААТ СО ДОБРА НАМЕРА.
НЕ ВАЖИ ЗА ЛАЖНИ ПРИЈАВИ СО ЦЕЛ ДА СЕ НАШТЕТИ НА НЕКОГО.

7.2 Внатрешни механизми за пријавување

Канал	Напомена
Лице за интегритет	Прв контакт. Доверливост загарантирана. Усно, писмено или анонимно.
Анонимна кутија	Физичка кутија на видливо место. Се проверува неделно.
Педагог / психолог	Стручната служба е обврзана да реагира и го заштитува идентитетот.
Директор	За посериозни случаи. Задолжителен писмен одговор во рок од 8 дена.
Апликација: Глас против корупцијата	100% анонимно. Директно до Аналитика и ДКСК. iOS и Android.

7.3 Надворешни механизми за пријавување

Институција	Опис
ДКСК	Државна комисија за спречување корупција. www.dksk.mk.
Државен просветен инспекторат	Надлежен за нарушувања во образовниот процес.
Народен правобранител	За кршење на права. Може да се поднесе и во име на друг.
ОЈО — Јавно обвинителство	За кривични дела (поткуп, проневера).
Синдикат на образование (СОНК)	За наставниците кои се под притисок.
НВО и граѓански организации	Бесплатна правна помош и медиумско внимание.

Чекор-по-чекор: Кога и кому да се пријавиш?

- Чекор 1: Разговор со лицето за интегритет или педагогот.
- Чекор 2: Доколку нема реакција — писмена пријава до директорот.
- Чекор 3: Доколку директорот не реагира — пријава до Државниот просветен инспекторат.
- Чекор 4: За сериозни случаи — ДКСК, ОЈО или медиуми.
- Во секој момент: Апликацијата Глас против корупцијата е достапна 24/7.

ДЕЛ IV
РАБОТА СО ЧИНИТЕЛИТЕ

Овој дел дава конкретни алатки за секоја група во училишната заедница: ученици, наставници и родители. Намерно се содржани само најдобрите, највредните активности односно оние со највисока педагошка вредност.

8 ОД УЧЕНИК ДО АМБАСАДОР НА ИНТЕГРИТЕТ

Патувањето кон интегритет не е еднократен настан — тоа е процес кој се одвива низ целата учебна година.

Чекори на патот Од ученик до Амбасадор на интегритет

Чекор	Опис
1. Учи за интегритет	Часовите по Граѓанско образование и Етика ги поставуваат основите.
2. Посетува работилница	Работилниците ги даваат практичните алатки за препознавање и реакција.
3. Станува член на клуб	Клубот за интегритет го гради заедништвото и продолжува акцијата.
4. Организира акција	Герила акциите и кампањите ги шират пораките надвор од училницата.
5. Користи мобилна апликација	Апликацијата го зајакнува гласот — анонимно, безбедно, ефективно.
6. Станува Амбасадор	Сертификатот ја потврдува обврската. Амбасадорот инспирира и други.

9 НАСТАВНИКОТ КАКО АМБАСАДОР НА ИНТЕГРИТЕТ

Учениците можеби нема секогаш да се сеќаваат на сите лекции од наставниците — но ќе се сеќаваат на начинот на кој биле третирани од наставниците. Кога наставникот постапил правично, кога ги применил правилата еднакво за сите деца, кога признал грешка пред целото одделение, итн.. Тие моменти вредат повеќе од десет лекции за интегритет. И ти можеш да бидеш таков наставник.

Што да прави	Што да избегнува
✓ Применувај исти критериуми за сите ученици	✕ Фаворизирање поради лична блискост
✓ Документирај ја секоја оценка со образложение	✕ Непотизам — фаворизирање роднини
✓ Побарај релевантна документација за отсуство	✕ Попуштање под притисок на родители
✓ Одбивај подароци над симболична вредност	✕ Приватни договори надвор од официјални канали
✓ Разговарај отворено за интегритетот во час	✕ Нудење приватни часови на сопствените ученици
✓ Пријавувај ако си под притисок	✕ Селективно казнување

9.1 Реални дилеми — Како да постапи наставникот?

Дилема 1: Родител бара наставникот да прогледа низ прсти за неоправдани отсуства.

Наставник: ✓ Да ги примени истите правила како и за сите останати ученици. Без исклучок.

Дилема 2: Ученик со влијателни родители бара дополнителна можност за поправка на оценка.

Наставник:✓ Да овозможи исти услови за сите ученици. Правото на поправка важи за сите или за никого.

Дилема 3: Колега наставник бара услуга која не е во согласност со правилата.

Наставник: ✓ Да постапи според процедурите и професионалните стандарди. Без компромис.

9.2 Лекции за предавање на час

Од поголемиот сет вежби, овие четири имаат највисока педагошка вредност и најголема веројатност да предизвикаат вистинска промена во ставовите.

ЛЕКЦИЈА 1: Ана против Марко — Кој ја заслужува оценката?

Времетраење: 40 минути | Возраст: 13–18 год. | Метод: Аквариум дискусија

Цел: Препознавање фаворизирање и неправедно оценување.

Текст на случајот: Ана учи вредно цела година, на последниот тест добива оценка 4ка поради две ситни грешки. Марко ретко доаѓа на час и не е активен на часовите — добива оценка 3ка. Неговиот татко неодамна донирал компјутери во училиштето. По часот Марко добива заклучна оценка 5ка, а Ана останува со заклучна 4ка.

Фаза / Времетраење	Активност	Опис и упатства
0–10 мин	Воведно читање	Наставникот гласно ја чита приказната. Учениците седат во голем круг, две столици во средина.

Фаза / Времетраење	Активност	Опис и упатства
10–20 мин	Аквариум дискусија	Двајца доброволци глумат Ана и Марко. Останатите можат да го допрат рамото и да влезат.
20–30 мин	Општа дискусија	Дали Марко му украде нешто на одделението? Дали Ана ќе продолжи со ист ентузијазам? Кој сноси последици?
30–40 мин	Анонимна рефлексија	На лепливо ливче: Како Ана требало да реагира? Се лепат на таблата без имиња.

ЛЕКЦИЈА 2: Наставникот под притисок — Игра на улоги

Времетраење: 40 минути | Возраст: 13–18 год. | Метод: Live role-play

Цел: Разбирање на притисокот врз наставниците и развивање стратегии за одбивање без компромис.

Текст на случајот: Наставникот Петровски има заведено во дневникот 15 неоправдани отсуства на ученикот Борис. Таткото на Борис е бизнисмен кој донира пари за училиштето. Таткото на Борис директно бара од наставникот отсуствата да се избришат, без документација. Наставникот мора да одлучи.

Фаза / Времетраење	Активност	Опис и упатства
8 мин	Поделба на 3 улоги	Наставник (доброволец), Уреден ученик (следи ситуацијата), Влијателен родител (бара бришење отсуства без документација).
15 мин	Live role-play	Родителот постепено ескалира: ‚Сите тоа го прават', ‚Ќе разговарам со директорот'. Наставникот мора да остане на правилата.
10 мин	Деконструкција	Зошто е тешко да се одбие? Каква е позицијата на наставникот? Постои ли институционална заштита?
7 мин	Протокол без компромис	Групата составува: Кое е правилното постапување? Кому се известува? Каде може наставникот да побара поддршка (СОНК, инспекторат)?

ЛЕКЦИЈА 3: Кој ја добива стипендијата? — Форум театар

Времетраење: 40 минути | Возраст: 13–18 год. | Метод: Форум театар

Цел: Учениците да ја препознаат нетранспарентноста при избор и да вежбаат реакција во реална ситуација.

Текст на случајот: Училиштето има една стипендија за летна програма во странство. Критериумите биле јавно објавени: просек, мотивациско писмо, препорака. Аплицирале Лена (4.8, одлично писмо), Хасан (4.6, добра препорака) и Нина (4.5, препорака од директорот). Директорот соопштил дека е избрана Нина — без образложение. Лена и Хасан не добиле никаков фидбек.

Фаза / Времетраење	Активност	Опис и упатства
0–10 мин	Читање на случајот	Наставникот го чита случајот. Учениците добиваат улоги: Лена, Хасан, Директорот, Ученичкиот совет.
10–20 мин	Прво одигрување	Сцената се одиграва — директорот го соопштува изборот. Лена и Хасан молчат.
20–30 мин	Форум интервенција	Наставникот вика „Стоп!“ Кој сака да влезе наместо Лена или Хасан и да реагира поинаку? Секоја интервенција се одиграва до крај.
30–40 мин	Дебрифинг	Кои реакции беа ефективни? Кои — не? Кое е правилното постапување по правилата?

За наставниците: Форум театарот е добро форма за реализација затоа што учениците физички „пробуваат» различни реакции — не само зборуваат за нив. Нагласете дека правото на увид во бодовната листа постои и може да се побара писмено.

ЛЕКЦИЈА 4: Мора ли да молчиш? — Дебата со дилеми

Времетраење: 40 минути | Возраст: 13–18 год. | Метод: Структурирана дебата

Цел: Учениците да ги испитаат сопствените граници — кога би реагирале, а кога не, и зошто.

Текст на случајот: Пред тестот по хемија, соученикот Дино ти вели: „Прашањата 4, 5 и 6 на страна 39 од учебникот нема да ги има на тестот — братот на Сара ни кажа, тој го знае ова.“ Некои ученици учат само дел од книгата. На тестот навистина ги нема прашањата 4, 5 и 6. Сара добива 5ка, ти добиваш 3ка, иако си учел сè од книгата. Денот потоа — сите знаат за ситуацијата, но никој не зборува.

Фаза / Времетраење	Активност	Опис и упатства
0–5 мин	Анонимно гласање	На ливче: Дали би пријавил? ДА / НЕ / НЕ ЗНАМ. Наставникот ги собира — чита резултатот без имиња.
5–20 мин	Тимови за дебата	Тим А: „Треба да се пријави.“ Тим Б: „Подобро е да се молчи.“ Секој тим има 3 минути за аргументи, 2 минути за контра.
20–30 мин	Промена на став	Кој го промени мислењето по дебатата? Зошто? Второ анонимно гласање — се споредуваат резултатите.
30–40 мин	Заклучок	Наставникот поставува: Ако не постои страв од последици — дали одговорот би бил ист? Која е разликата меѓу молчење и соучеснишство?

За наставниците: Двојното гласање (пред и по дебатата) е клучно — покажува дека ставовите се менуваат кога постои простор за размислување. Поврзете го со апликацијата „Глас против корупцијата» — токму таа го отстранува стравот.

10 РОДИТЕЛИТЕ КАКО ПАРТНЕРИ:

ТЕМАТСКИ СРЕДБИ

Нашите деца го гледаат она што го правиме, а не она што го зборуваме. Родителските средби не смеат да бидат само за оценки и отсуства. Тие мора да станат форум за вредности. Затоа родителите мора да бидат активен дел од разговорот за интегритетот — затоа што најчестите форми на корупција во образованието честопати започнуваат надвор од училницата.

Средба 1:
Дали неоправданите отсуства се форма на корупција?

Фаза / Времетраење	Активност	Опис и упатства
5 мин	Анонимна анкета	Секој родител: 1) Дали сте се јавиле на некого за детето? 2) Дали мал подарок е корупција? Анонимно лепат на таблата.
10 мин	Реалноста во бројки	Презентирај: 54% соочени со корупција, 69.6% губат мотивација. Прашај: Дали ова им се случува и на нашите деца?
15 мин	Случај: Стефан	Стефан: 14 неоправдани отсуства. Родителите вршат притисок. Наставникот попушта. Три деца со 8 реални отсуства — казнети. Каква порака добиваат децата?
10 мин	Пакт за интегритет	Родителите и наставниците потпишуваат Пакт: Нема барање за промена на оценки. Секое отсуство — медицинска или друга соодветна и релеватна белешка од родител.

Средба 2:
Како (не)свесно ги учиме децата на корупција?

Фаза / Времетраење	Активност	Опис и упатства
5 мин	Сценарио: Подарокот	Мајката на Мира дава скап подарок. Мира добива оценка 4ка наместо 3ка. Кој е виновен? Кои се долгорочните последици?
10 мин	3 групи — 3 ситуации	Врски при запишување, подарок при оценување, притисок за отсуства. Кој постапил погрешно и зошто?
20 мин	Честата заблуда	‚Сакав само да помогнам.‘ Помош за денес или штета за целиот живот? Дали заштитуваме или оневозможуваме?
5 мин	Лична обврска	Секој родител пишува 3 конкретни нешта кои нема да ги прави. Доброволно споделување.

Средба 3:
Врски или заслуги? — Случај со Еразмус+ екскурзија

Фаза / Времетраење	Активност	Опис и упатства
5 мин	Вежба за избор	‚Треба да изберете 2 ученика за Еразмус+ размена. Кого би избрале?‘ Ученик А: просек 4.9, без искуство. Ученик Б: просек 4.2, татко му е во Совет на родители.
15 мин	Случај: Еразмус+ избор	Директорот прогласил дека се избрани децата на двајца членови на Советот — без јавно образложение. Дискусија: Кој е оштетен? Кои правила беа прекршени?
10 мин	Несвесното фаворизирање	Дали понекогаш несвесно го поттикнуваме нашето дете да побара ‚помош‘ преку познанства?
10 мин	Порака за дома	Секое дете заслужува еднаква шанса. Договор: барате транспарентни критериуми за секој избор.

11 ОФИЦИЈАЛЕН ЕТИЧКИ ПАКТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ И ПРАВИЧНОСТ

Ние, долупотпишаните родители и класниот раководител _____, се обврзуваме на следниве принципи:

Принцип 1 — Заслужен успех: Нема да користиме лични врски за да вршиме притисок за промена на оценките надвор од редовните критериуми.

Принцип 2 — Апсолутна вистина за отсуства: Нема да бараме бришење отсуства без официјална медицинска или соодветна релевантна документација.

Принцип 3 — Одбивање на поткуп: Нема да учествуваме во собирање пари за скапи подароци. Единствен прифатлив подарок — симболичен подарок.

Принцип 4 — Солидарност: Доколку забележиме корупција, нема да молчиме — здружено ќе побараме реакција.

Датум: ___.___.2026 Потпис на класен раководител: _____

12 ДЕСЕТ ПОРАКИ ДО РОДИТЕЛИТЕ

- Бидете пример за чесност — децата гледаат сè.
- Почитувајте ги правилата кои важат за сите — без исклучок за вашето дете.
- Не барајте привилегии — ги учите децата дека врските се поважни од трудот.
- Поддржувајте го трудот, а не „кратките“ патишта.
- Разговарајте со децата за интегритетот — конкретно, со примери.
- Поттикнувајте одговорност — кога грешат, учете ги да се соочат.
- Пријавувајте неправилности — покажете дека реакцијата е нормална.
- Соработувајте со наставниците преку официјални канали.
- Слушајте ги ставовите на младите.
- Помогнете во градење на култура на доверба — во семејството, потоа во училиштето.

13 МЛАДИ

КЛУБОВИ ЗА ИНТЕГРИТЕТ И ГЕРИЛА АКЦИИ

Во 2024 година, ученици од едно средно училиште во Англија залепиле постери на влезот на училиштето со само три зборови: ''Трудот треба да вреди.'' Никој не им рекол да го сторат тоа. Самите одлучиле. Тоа е Герила акција на интегритет. И тоа е токму она за кое е наменет овој клуб.

Клубот не е инспекциски орган. Неговата улога не е да казнува — неговата улога е да едуцира, мотивира и инспирира. Кога младите добиваат простор да размислуваат и да преземаат иницијативи, тие развиваат чувство на одговорност, самодоверба и припадност кон заедницата.

Цели на клубот: подигнување на свеста, активно учество, критичко размислување, еднакви можности, позитивни промени во училиштето.

13.1 Структура на клубот

Улога	Опис
Претседател	Одговорен за координација на сите активности на клубот.
Потпретседател	Го заменува претседателот; одговорен за специфична тематска област.
Секретар	Води записници, документација и евиденција на активностите.
Тим за комуникации	Подготвува објави, постери и содржини за социјалните мрежи.
Наставник-ментор	Го поддржува клубот, обезбедува насоки и врска со раководството.

13.2 Годишен календар на активности

Месец	Активност
Септември	Основање на клубот. Избор на раководство. Потпишување Повелба.
Октомври	Работилница: Што е интегритет? Дефиниции, примери, дискусија.
Ноември	Кампања: Чесноста започнува од мене. Постери, видеа, споделување.
Декември	Дебата: Еднакви можности? Гледачите гласаат по дебатата.
Февруари	Натпревар за постери. Кој клас ќе направи најсилен визуелен материјал?
Март	Герила акција. Натписи, постери, перформанс во јавен простор.
Април	Посета на институција. Средба со ДКСК, МОН или локална власт.
Мај	Конференција и Недела на Интегритет. Сертификати за амбасадори.

13.3 Мобилна апликација: Глас против корупцијата

ГЛАС ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

100% Анонимно | Без страв | Директно до Аналитика и ДКСК
(QR код илинк на последната страна на Прирачникот)

13.4 Ученичка заклетва за интегритет

ЗАКЛЕТВА НА УЧЕНИКОТ

Се обврзувам дека ќе постапувам чесно, одговорно и со почит кон другите. Ќе ги почитувам правилата, ќе се спротивставувам на неправдата и ќе придонесувам за училиште во кое сите имаат еднакви можности. Верувам дека промените започнуваат од секој од нас.

Потпис: _____ Датум: _____

13.5 Како младите да препознаат и пријават корупција?

Не секоја неправилност е корупција — но секоја неправилност заслужува внимание. Секој ученик има право да учи во средина која е безбедна, праведна и транспарентна.

	Опис
Треба да реагираме кога постои	неправедно постапување; фаворизирање и дискриминација; злоупотреба на функција; злоупотреба на училишни ресурси; притисоци врз ученици; закани поради пријавување.
НЕ треба да	ширите гласини; објавуваме непроверени информации; навредуваме без докази; користиме социјални мрежи за неверификувани обвинувања; молчиме кога има сериозен проблем.

Чекор-по-чекор: Пат на пријавување

1. Наставник — прво разговарај со наставник (или Лице за Интегритет ако постои такво лице назначено во училиштето) за кого сметаш дека може да помогне.
2. Педагог / психолог — стручната служба е обврзана да реагира и да ти ја заштити анонимноста.
3. Директор — за посериозни случаи. Побарај писмен одговор.
4. ДКСК / Државен просветен инспекторат — www.dksk.mk, онлајн образец за анонимно пријавување.
5. Апликација: Глас против корупцијата — 100% анонимно, достапна на iOS и Android.

Последици од непријавување на корупција

	Последици
Кога никој не реагира	неправилностите продолжуваат; довербата се намалува; учениците се демотивираат; корупцијата станува норма.
Кога реагираме	се подобрува училиштето; се зајакнува довербата; се создава култура на одговорност; другите добиваат храброст.

> Промените не започнуваат со големи реформи. Тие започнуваат кога еден ученик ќе каже: Ова не е во ред и треба да се промени.

14 ПОВЕЛБА ЗА ИНТЕГРИТЕТ

За разлика од поединечните декларации во Прилог Г, оваа Повелба е замислена како единствен документ кој учениците, наставниците и родителите го потпишуваат заедно, на исто место — идеален за истакнување на огласна табла или на влезот на училиштето.

ПОВЕЛБА ЗА ИНТЕГРИТЕТ

_____ (име на училиштето)

НИЕ УЧЕНИЦИТЕ се обврзуваме:

- ✓ да не препишуваме и да учиме чесно
- ✓ да не бараме и да не прифаќаме нефер предности
- ✓ да ги пријавуваме неправилностите што ги забележуваме

НИЕ НАСТАВНИЦИТЕ се обврзуваме:

- ✓ да оценуваме правично, според однапред познати критериуми
- ✓ да ги применуваме правилата еднакво за сите ученици
- ✓ да одбиваме подароци кои создаваат обврска

НИЕ РОДИТЕЛИТЕ се обврзуваме:

- ✓ да не вршиме притисок за промена на оценки или отсуства
- ✓ да не нудиме и да не организираме собирање пари за скапи подароци
- ✓ да го поддржуваме трудот на нашите деца, а не бараме кратки патишта

Заедно се обврзуваме да градиме училиште во кое успехот се заработува со знаење и труд — не со привилегии.

Директор: _____ Претседател на Ученички совет: _____

Претседател на Совет на родители: _____ Датум: ___.___._____

ДЕЛ V
ВЕРИФИКАЦИЈА И ПРИЗНАНИЕ

Овој дел го претставува системот преку кој училиштата можат да го мерат и докажат својот напредок кон интегритет — алатката што го прави овој модел различен од еднократните едукативни кампањи.

15 УЧИЛИШТЕ СО ИНТЕГРИТЕТ

СИСТЕМ 5 ЅВЕЗДИ

Овој систем претставува Прв систем за самооценување на интегритетот на училиштата во РС Македонија. Секоја ѕвезда претставува ниво на постигнување кое може да се верификува.

Ниво	Критериум	Доказ / Верификација
⭐ Транспарентно оценување	Сите критериуми за оценување се писмено формулирани и достапни за учениците пред тестот.	Копија на критериуми + потпис на наставниците
⭐⭐ Ученички клуб за интегритет	Постои активен клуб со барем 10 члена и годишен план со минимум 4 активности.	Повелба на клубот + извештај за активности
⭐⭐⭐ Тематски родителски форум	Организирана барем 1 тематска родителска средба годишно.	Агенда + список на присутни + потпишан Пакт
⭐⭐⭐⭐ Недела на интегритет	Реализирана Недела на интегритет со барем 3 јавни активности.	Фотографии + медиумска покриеност + извештај
⭐⭐⭐⭐⭐ Апликација и ДКСК партнерство	Промовирана апликацијата + одржан барем 1 состанок со ДКСК или Аналитика.	QR код поставен + потврда за состанок

Училиштата кои ги исполнуваат сите 5 нивоа добиваат официјален статус "УЧИЛИШТЕ СО ИНТЕГРИТЕТ" — верификуван од ДКСК и препорачан до Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Ова е прв ваков систем во РС Македонија.

Каде се наоѓа вашето училиште? - Три примери за училишта во рамки на системот 5 ѕвезди

⭐ УЧИЛИШТЕ СО 1 ЅВЕЗДА — Ова е нешто ново за нас

Наставниците сакаат да постапуваат правично, но никој никогаш не ги запишал критериумите за оценување пред тест. Учениците понекогаш прашуваат зошто добив ова и не добиваат јасен одговор. Родителската средба е само за оценки и отсуства. Ученичкиот совет постои на хартија, но реално не одлучува за ништо.

Ова училиште не е лошо. Само никогаш не се обидело систематски. Сега може.

Прв чекор: Наставниците подготвуваат писмени критериуми за следниот тест и им ги делат на учениците однапред. Само тоа е доволно за Ниво 1.

⭐ ⭐ ⭐ УЧИЛИШТЕ СО 3 ЅВЕЗДИ — Веќе почнавме, сега сакаме повеќе

Наставниците имаат транспарентни критериуми. Пред 2 години, група ученици формирале Клуб за интегритет, прво биле 6 члена, сега се 18. Минатата година организирале родителска средба за корупцијата во образованието. На истата присуствувале 23 родители. Потпишан бил Етички пакт.

Но. никогаш не организирале Недела на интегритет. Анонимната кутија постои, но ретко ја проверуваат. Директорот се уште не назначил Лице за интегритет.

Следен чекор: Се планира организација на Недела на интегритет во месец мај. На истата ќе има само 3 јавни активности: дебата, изложба на постери и ден кога учениците самите водат час. Тоа е Ниво 4.

⭐ ⭐ ⭐ ⭐ ⭐ УЧИЛИШТЕ СО 5 ЅВЕЗДИ — Ова е начин на живот

Наставниците во ова училиште никогаш не почнуваат тест без да ги поделат критериумите однапред. Тоа е нормална постапка, не исклучок. Клубот за интегритет е најактивниот клуб во училиштето, 34 члена, активности секој месец. Секој октомври организираат Недела на интегритет. Минатата година присуствувал и градоначалникот. Педагогот е Лице за интегритет, официјално назначен, со 2 часа неделно за таа улога. Апликацијата за анонимно пријавување на корупција е QR кодирана на влезот. Во последните 12 месеци пристигнале 4 анонимни пријави и на сите четири реагирале.

Ова училиште не е совршено. Но е решено да се подобрува. И тоа го прави различно.

16 ПАТОТ ДО СИСТЕМОТ 5 SВЕЗДИ

ОД СЕПТЕМВРИ ДО ЈУНИ

Септември — Почеток

Наставникот им ги дели критериумите за оценување на сите предмети. Лицето за интегритет се претставува пред учениците. Анонимната кутија се поставува на видливо место. Се формира или обновува Клубот за интегритет.

Октомври — Свест

Клубот организира прва работилница: Што е интегритет? Дали нашето училиште го има? Учениците го пополнуваат Квизот за проверка на знаење (Поглавје 6). Резултатите стануваат основа за акциски план.

Ноември — Кампања

Кампања: Чесноста започнува од мене. Постери на ходниците. Видео-пораки на учениците. Хаштаг #ТрудотВреди на социјалните мрежи. Наставниците разговараат за академскиот интегритет и ВИ во нивните часови.

Декември — Родители

Тематска родителска средба (Средба 1 или 2 од Поглавје 12). Потпишување на Етичкиот Пакт. Лицето за интегритет ги прегледува анонимните пријави, доверливо, со реакција.

Февруари — Дебата

Формална дебата меѓу одделенија: Дали врските се поважни од знаењето? Гласачите одлучуваат по дебатата. Победничките аргументи се лепат на огласна табла.

Март — Герила акција

Клубот излегува во јавниот простор. Постери на влезот на општини и институции. Перформанс пред училиштето. Се снима и се споделува.

Април — Врски со институции

Посета на ДКСК или средба со претставник во училиштето. Учениците ги презентираат своите наоди: Еве ги ситуациите кои ги забележавме оваа година. Реален разговор со институцијата.

Мај — Недела на интегритет

Три јавни активности во текот на неделата: изложба, натпревар за постери, конференција. Доделување Сертификати за Амбасадори на интегритет. Јавно потпишување на Повелбата.

Јуни — Извештај

Лицето за интегритет подготвува краток годишен извештај (1 страница) за директорот. Клубот го евалуира годишниот план. Се поставува прашањето: Која ѕвезда ја достигнавме? Која следи?

На крајот на учебната година, Лицето за интегритет го пополнува образецот за верификација на Системот 5 ѕвезди.

Документацијата се испраќа до Министерството за Образование и Наука (МОН)

17 ПРЕПОРАКИ ДО ИНСТИТУЦИИТЕ

Препораки до Министерството за образование и наука (МОН)

- Промовирање и институционализација на антикорупциско образование и градење интегритет на сите нивоа — од основно до средно образование.
- Инвестирање во развој на иновативни, интерактивни и практични образовни материјали.
- Воведување задолжителна обука за наставниците — барем 1 обука годишно.
- Официјално признавање на системот Училиште со Интегритет — 5 ѕвезди како пилот-модел во 8 региони.
- Воведување годишна обврска за наративен извештај за активностите во ГПР.

Препораки до Бирото за развој на образованието (БРО)

- Развивање стандарди за интеграција во наставните програми по Граѓанско образование, Етика и Општествени науки.
- Поддршка на пилотирањето на овој Прирачник во барем 8 училишта од сите плански региони во учебната 2026/27.
- Развивање систем за евалуација и мониторинг — со стандардизирани индикатори.
- Обезбедување пристап до Прирачникот за сите училишта преку официјалната веб-страница.
- Вклучување теми за интегритет во наставничките компетенции при кариерно напредување.

Препораки до Државната комисија за спречување корупција (ДКСК)

- Воспоставување формален механизам за партнерство со училиштата — барем 2 посети/работилници годишно по регион.
- Активно промовирање на апликацијата ''Глас против корупција'' преку образовни канали.
- Воведување систем за следење и објавување анонимни пријави — со годишен извештај.

- Препознавање на ученичките клубови за интегритет како засегнати страни во консултации за политики.
- Поддршка за верификација на статусот Училиште со Интегритет — 5 ѕвезди.

ПРИЛОЗИ: За примена од страна на институциите и Практични алатки

Содржините во овој дел се наменети пред сè за МОН, БРО, ДКСК и училишните раководства — за интеграција на овој модел на национално и училишно ниво. Наставниците можат да ги користат алатките на крајот директно во работата.

Прилог А: Национален модел за интегритет во училиштата

Овој модел го прикажува патот: од поединецот до институцијата. Наменет е пред сè за разговор со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Државната комисија за спречување корупција.

Ниво	Содржина
Ниво 5 — Институции	МОН, БРО, ДКСК — национална политика и законски рамки. Ги овозможуваат условите. Ги валидираат резултатите.
Ниво 4 — Училиште	Систем 5 ѕвезди. Годишен План за Работа. Координатор (Лице за интегритет). Официјална Декларација за интегритет.
Ниво 3 — Родители	Тематски средби. Етички пакт. Активно учество. Партнерство со наставниците.
Ниво 2 — Наставници	Лекции и сценарија. Самооценување. Декларација. Менторство на ученичките клубови.
Ниво 1 — Ученици	Знаење. Работилници. Клуб. Акција. Апликација. Амбасадор на интегритет.

> Промената тече одоздола нагоре и одозгора надолу: ниту само наставниците можат сами да предизвикаааат позитивна промена, ниту само институциите можат сами — само заедно може да се постигне трајна промена.

Прилог Б: Европски практики — инспирација за нашите училишта

Успешните образовни системи покажуваат дека најдобри резултати се постигнуваат кога: училиштето активно ги вклучува учениците, наставниците служат како пример, родителите се партнери и интегритетот се учи преку практика.

Финска — Интегритетот вграден во секој предмет

Темите на доверба, отчетност и граѓанска одговорност се интегрирани во секој предмет — не само во граѓанското образование. Наставниците мора да имаат магистерски студии. Финска е постојано меѓу трите земји со најмала корупција во светот (CPI 2024).

Естонија — Дигитална транспарентност

Сите оценки, отсуства и одлуки се евидентирани во eKool — електронски систем достапен за родители во реално време. Државата е на 12-то место во светот според индекс на корупција (CPI 2024: 76/100).

Германија — Граѓанско образование и клубови за интегритет

Gemeinschaftskunde (Граѓанско образование) е задолжителен предмет кој ги покрива демократијата, правата и борбата против корупцијата. Учениците формираат училишни клубови за интегритет - Integritätsklubs - кои истражуваат локални институции.

Словенија — Ученички парламент и практични проекти

Националната школа за лидерство ги обучува директорите со модули за правата на човекот. Учениците учествуваат во национален Младински парламент.

Хрватска — Антикорупциско образование

Организацијата Forum za slobodu odgoja (активна од 1992) спроведува граѓанско образование со посебен модул Антикорупциско образование, вклучувајќи натпревари за демократија и интегритет.

Заедничко за сите земји: Интегритетот не е само тема — тој е дел од секојдневниот живот на училиштето. Учениците активно учествуваат, наставниците се клучни, родителите се вклучени, транспарентноста е приоритет.

Прилог B: Интеграција во Годишната програма за работа на училиштата

Еден од најважните чекори на овој процес е да се вклучи антикорупциското образование и градењето интегритет во официјалната Годишна Програма за Работа на училиштата. Ова ги трансформира еднократните активности во трајна, повторувачка обврска.

Пример текст за интегрирање во ГПР:

Подрачје: Граѓанско образование и развој на вредности
Активност: Годишна програма за градење интегритет и антикорупциско образование
Опис: Минимум 3 наставни часа годишно + 1 тематска родителска средба + 1 ученичка акција.
Одговорни: Класни наставници, педагошка служба, Лице за интегритет.
Партнери: МОН; БРО, ДКСК, Аналитика Скопје
Следење: Евиденција на активностите, присуство, краток извештај на крај на учебната година.

Минимум стандарди за реализација

#	Активност
1	Минимум 3 наставни часа на теми интегритет/антикорупција — по учебна година.
2	Една тематска родителска средба — по учебна година.
3	Барем една ученичка активност за подигање свест — по учебна година.
4	Тема интегритет во барем еден целодневен училишен настан.
5	Назначено Лице за интегритет — со одлука на директорот.
6	Краток извештај на крај на годината (1 страница).

Прилог Г: Практични алатки и декларации

Готови документи за директна употреба — копирај и употреби.

Декларација на наставникот

Јас, _____, се обврзувам дека:

- ✓ ќе ги третирам сите ученици еднакво без оглед на нивното потекло и семејни врски
- ✓ ќе оценувам врз основа на јасни, однапред познати и транспарентни критериуми
- ✓ ќе одбивам подароци кои создаваат обврска или привилегија
- ✓ ќе промовирам интегритет преку личен пример
- ✓ ќе пријавувам ако бидам изложен на притисок

Потпис: _____ Датум: _____

Декларација на ученикот

Јас, _____, се обврзувам дека:

- ✓ ќе учам и постапувам чесно и нема да препишувам
- ✓ нема да барам нефер предности и нема да прифатам такви
- ✓ ќе ги третирам сите соученици рамноправно
- ✓ ќе зборувам кога ќе видам нешто неправедно
- ✓ ќе ги користам механизмите за пријавување ако е потребно

Потпис: _____ Датум: _____

Сертификат за амбасадор на интегритет

СЕРТИФИКАТ за постигнат одличен интегритет

Со ова се потврдува дека _____ активно учествуваше во програмата УЧИЛИШТЕ СО ИНТЕГРИТЕТ и се стекна со звањето АМБАСАДОР НА ИНТЕГРИТЕТ.

Датум: _____ Директор: _____ Ментор: _____

Шаблон за тематска родителска средба

Фаза / Времетраење	Активност	Опис и упатства
10 мин	Добредојде + Цел	Класен раководител
10 мин	Анонимна анкета — 2 прашања	Класен раководител
10 мин	Истражувачки податоци	Педагог / Координатор
10 мин	Дискусија за студија на случај	Сите родители во групи
5 мин	Потпишување Етичкиот Пакт	Класен раководител + Родители
5 мин	Прашања и следни чекори	Директор / Педагог

Корисни ресурси и механизми за пријавување

Ресурс	Опис
ДКСК	www.dksk.mk — онлајн образец за пријавување, прифаќа анонимни пријави.
Глас против корупцијата	Апликација изработена од Аналитика Скопје. iOS и Android. 100% анонимно.
Закон за спречување корупција и судир на интереси	Правна основа за дефинирање корупција.
Истражување: Млади и корупција	Аналитика Скопје, 2025 — 629 испитаници.
Transparency International — CPI 2024	www.transparency.mk
Извештај на ЕК за Северна Македонија 2025	enlargement.ec.europa.eu

ЗАВРШНА ДЕКЛАРАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Оваа Декларација е официјален документ кој училиштата можат да го потпишат и да го истакнат јавно — на огласна табла, на веб-страница или да го поднесат до МОН и БРО.

ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА УЧИЛИШТЕ СО ИНТЕГРИТЕТ

Ние, потпишаните претставници на училиштето _____

_____

свесни за важноста на образованието во градењето општество со интегритет, официјално изјавуваме дека нашето училиште:

- ги интегрира принципите на градење интегритет во Годишната Програма за Работа
- назначи Лице за интегритет со јасни улоги и одговорности
- спроведува минимум 3 наставни часа годишно посветени на интегритет, етика и граѓанска одговорност
- применува транспарентни критериуми за оценување — достапни однапред
- организира тематски родителски средби
- поддржува Ученички клуб за интегритет со активни членови, ментор и годишен план
- промовира користење на апликацијата Глас против корупцијата
- применува Кодекс за подароци
- работи кон добивање на статусот Училиште со Интегритет — 5 ѕвезди

Директор: _____ Потпис и печат

Лице за интегритет: _____

Претседател на Совет на родители: _____

Претседател на Ученички совет: _____

Датум: ___.___._____ Место: _____

Потпишаната Декларација се поднесува до Аналитика Скопје и МОН за официјална евиденција. е-маил: info@analyticamk.org

ЛИНКОВИ И QR КОДОВИ ЗА СИМНУВАЊЕ НА МОБИЛНАТА АПЛИКАЦИЈА “ГЛАС ПРОТИВ КОРУПЦИЈА”

ANDROID APP ON Google play

Available on the iPhone App Store

НАСЛЕДСТВО НА ОВОЈ ПРИРАЧНИК

Овој Прирачник е национален практичен ресурс за градење интегритет и антикорупциско образование во училиштата во РС Македонија.

Глас против корупцијата | www.analyticamk.org
Аналитика Скопје
Поддржано од ifa/zivik | Германско Сојузно Министерство за надворешни работи | Скопје, 2026

Наслов
Национален модел „Училиште со Интегритет“ — Практичен прирачник за наставници, родители и ученици за градење култура на чесност, одговорност и еднакви можности

Издавач
Здружение за истражување на политики Аналитика Скопје
info@analyticamk.org
www.analyticamk.org
Скопје, 2026

Партнери
Иницијатива за граѓански интеграции ИГИ Гостивар
Организација на жени од Струмица – ОЖС

Поддржано од
ifa/zivik — Германско Сојузно Министерство за надворешни работи
Проект: Youth for Integrity: Expanding Anti-Corruption Youth Action in North Macedonia (Phase II)

Прирачникот е подготвен во рамки на проектот „Youth for Integrity: Expanding Anti-Corruption Youth Action in North Macedonia“ („Млади за интегритет: Проширување на младинската антикорупциска акција во Северна Македонија“), кој се спроведува од Аналитика Скопје во партнерство со Организацијата за граѓански иницијативи ИГИ Гостивар и Организацијата на жени од Струмица, со поддршка на ZIVIK Програмата за финансирање преку средства обезбедени од Германското Сојузно Министерство за надворешни работи.

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторите и не ги одразува ставовите на ZIVIK Програмата за финансирање и на Германското Сојузно Министерство за надворешни работи.

Информации за Аналитика Скопје

Аналитика е тинк-тенк организација која ги истражува јавните политики и унапредувањето на демократијата, владеењето на правото и европските интеграции на Република Северна Македонија. Мисијата на Аналитика е да придонесе за квалитетно и засновано на докази носење одлуки преку истражување, застапување и градење капацитети.

Контакт-податоци за Аналитика Скопје

Адреса: ул. Емил Зола бр.10б/10, 1000 Скопје

е-пошта: info@analyticamk.org | веб-страница: www.analyticamk.org

Информации за ИГИ Гостивар

Иницијативата за граѓански интеграции (ИГИ) од Гостивар е граѓанска организација која работи на унапредување на меѓуетничкиот дијалог, граѓанската вклученост и транспарентноста во локалната самоуправа.

Информации за ОЖС

Организацијата на жени од Струмица (ОЖС) е граѓанска организација посветена на унапредување на родовата еднаквост, граѓанското учество и правата на жените во локалната заедница и пошироко.

Информации за проектот

Аналитика Скопје, во партнерство со ОЖС Струмица и ИГИ Гостивар, го спроведува проектот „Youth for Integrity: Expanding Anti-Corruption Youth Action in North Macedonia (Phase II)“ финансиран од ifa/zivik — Германско Сојузно Министерство за надворешни работи.

Проектот ја зголемува свеста кај младите за корупцијата, го зајакнува нивното знаење за корупција, за формите на корупција и алатките за борба против корупцијата, и го поддржува градењето на личен интегритет преку практична едукација во средните училишта.

Линк

Ова издание е електронски достапно на: www.analyticamk.org